# СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ОПШТИНА МАВРОВО И РОСТУШЕ

# ОД 2019 ДО 2028



**Охрид, 2018**

**Нарачател: Општина Маврово и Ростуше**

Градоначалник: Медат Куртовски

**Изготвувач: Факултет за туризам и угостителство – Охрид**

Раководител на тимот: Проф. Д-р Науме Мариноски

Истражувач: Проф. Д-р Иванка Несторoска

Информатичка обработка: Проф. Д-р Цветко Андрееcки

Помлад истражувач: М-р Михаел Ристески

## Содржина

Апстракт ........ 6

Вовед ........ 7

1. Појдовна основа ........ 8

1. 1 Потреба за донесување на Стратегијата ........ 9

1.2 Опис на просторот на општината Маврово и Ростуше ........ 10

2. Методолошки активности за изработка на Стратегијата ........ 14

2.1 Опис на проектната задача како работен предмет во нејзината изработката ........ 14

2.1.2 Правна рамка од областа на туризмот ........ 19

2.2 Методи во изготвувањето на стратегијата ........ 20

2.2.1 Методи на изработка во рамките на секундарните истражувања ........ 21

2.2.2 Спроведување интервју со познавателите на приликите како примарно истражување ........ 23

2.3 Методски принципи во изработката на стратегијата ........ 24

3 Проценка на состојбата и идентификација на клучните фактори во развојот на туризмот ........ 25

3.1 Проценка на вредноста на туристичко-географската положба ........ 25

3.2 Проценка на вредностите на поврзаноста ........ 27

3.2.1 Проценка на вредностите на воздушната сообраќајна поврзаност ........ 28

3.2.3 Проценка на вредностите на патната поврзаност ........ 29

3.2.4 Проценка на вредностите на железничката мрежа ........ 30

3.2.5 Состојба на превозот во општината во функција на туризмот ........ 30

3.2.6 Карактеристики на патната мрежа во општината ........ 31

3.2.7 Квалитет на услугите во локалниот превоз ........ 34

3.3 Проценка на вредноста на природните туристички атрактивности ........ 35

3.3.1 Геоморфолошки вредности ........ 35

3.3.2 Климатски вредности ........ 43

3.3.3 Хидрографски туристички вредности ........ 47

3.3.4 Биодиверзитетот како туристичка вредност ........................................................................ 49

3.4 Проценка на вредноста на културните туристички атрактивни ............................................. 51

3.5. Карактеристики на рецептивните фактори за развој на туризмот во општината .................... 54

3.5.1 Анализа на обемот на капацитетите во угостителството во општината и нивното учество во Р. Македонија и Полошкиот плански регион ........................................................................ 54

3.5.2 Анализа на вработеноста во угостителството.............................................................................. 57

3.5.3 Човечки ресурси ........................................................................................................................ 58

3.6. Анализа на постојната состојбана развојот на туризмот во општината Маврово и Ростуше преку туристичката посетеност и престој....................................................................................... 59

3.6.1 Туристичката посетеност ............................................................................................................ 59

3.6.2 Туристичката посетеност ............................................................................................................ 61

3.6.3 Туристички престој ..................................................................................................................... 62

3.6.4 Анализа на остварените приходи ................................................................................................ 63

3.7. Емитивни зони на странскиот туризмот....................................................................................... 65

3. 8 SWOT анализа на потенцијалите за развој на туризмот ........................................................... 69

4. Реализација на проектната задача ................................................................................................ 71

4.1 Мисија за развојот на туризмот ..................................................................................................... 71

4.2 Визија на развојот на туризмот....................................................................................................... 72

4.3 Цели на стратегијата ...................................................................................................................... 73

4.3.1 Општа цел ................................................................................................................................... 73

4.3.2 Специфични оперативни цели .................................................................................................... 74

4.4 Активности и мерките кои треба да се имплементираат во Стратегијата. ................................ 74

4.4.1 Мерки и активности во рамките на оперативната цел бр.1 ................................................. 75

4.4.2 Мерки и активности во рамките на оперативната цел бр.2 ................................................. 76

4.4.3 Мерки и активности во рамките на оперативната цел бр.3 ................................................. 78

4.4.4 Мерки и активности во рамките на оперативната цел бр.4 ................................................. 80

4.4.5 Мерки и активности во рамките на оперативната целбр.5 ..... 81
4.6 Мерки и активности во рамките на оперативната цел 6 ..... 82
5 Очекувани резултати од стратегијата ..... 83
6. Мониторинг и евалуација ..... 84
7. Акциски план ..... 86
Стратешки цели и мерки и активности за развој на туризмот во општина Маврово и Ростуше ... 86
8. Мапирање на туристичките локалитети ..... 102
9. Мапирање на нови туристички локалитети ..... 104

# Апстракт

Стратегијата за развој на туризмот во општина Маврово и Ростуше периодот (2019-2028) претставува документ кој овозможува туризмот да биде одржлива развојна област која ќе овозможи да придонесе во оптималното користење на туристичките ресурси. Имено туризмот во овој простор има посебно значење затоа што во него потенцијалите за развој се со изразита димензија. Тој е фактор нестопанскиот прогрес на подрачја кои се недоволно развиени така што го забрзува стопанскиот, социјалниот и културниот развој. Врз основа на стратегиското планирање на туризмот во општина Маврово и Ростуше ќе може да ги валоризира и користи своите ресурси на одржлив начин со оглед на богатството што го поседува, како во природата така во културната сфера. Овие ресурси се основни туристички вредности. Таа е карактеристичен по застапеноста на изразитата конфигурација на просторот и проткаен степенот на природни вредности кои и овозможуваат да се стекне со пиетет на заштита од највисок ранг. Покрај тоа, таа има забележително културно-историско и етнографско наследство. Ваквата сложеност упатува на тоа дека развојот на туризмот ќе се потпира на автентични вредности. Тие треба да бидат основа на туристичката понуда и креирањето на препознатливи туристички производи кои во настапот на туристичкиот пазар ќе имаат успешна прифатливост за туристичката клиентела од земјата и странство. Стратегискиот приод во развојот на туризмот во наредниот десетгодишен период, треба да придонесе за подобрување на содржината на престој на посетителите, постојно да го унапредува квалитетот на услугите во насока на овозможување на потполно задоволство на посетителите. Така туризмот ќе биде во функција на интензивно вклучување на овие недоволно развиени средини во развојните процеси. Реализацијата на стратегиските определби ќе биде фактор на поттикнување на економските процеси, социјалната и интеркултурната соработка и разбирање, а самата општина ќе ја афирмира на домашен и, на меѓународен план.

Клучни зборови: Маврово Ростуше, стратегија, туризам, развој

# Вовед

Туризмот во општината Маврово и Ростуше во усвоените документи е утврден како една од носечките дејности. Со оглед на тоа дека во одржлива смисла тој може да ги активира потенцијалите на релативно поволен начин и да го забрза вкупниот развој, претставува основен интерес на носителите на туристичката политика, туристичкото стопанство, носителите на културните настани и институции, заштитата на животната средина и локалното население. Интересот се гледа во придобивките на општината во целина и локалните заедници, односно посебните локалитети и објекти. Издржаниот методолошки пристап овозможува Стратегијата да го согледа нивото на туристичкиот развој низ призма на досегашна реализација на проекти и плански предвидувања, нормативните регулативи кои и овозможуваат на општината да ги реализира своите развојни определби на различни рамништа. Во оваа смисла, таа е документ кој придонесува во институционална смисла да се согледаат можните услови за подобрување на состојбите. Ова се однесува на подобрување на посетеноста и престојот на туристите. Стратешкиот приод овозможува да се определат активности кои ќе го условат зголемувањето на приходите преку унапредена туристичка потрошувачка. Учеството на општината во вклучувањето на активните стопански субјекти во секторите кои ги опфаќа туризмот како дејност има иновативен пристап. Согледување на стратегиските цели и можностите за реализација се темели на движењата и состојбите на развојните индикатори сврзани со обемот и квалитетот на инфраструктурната и супраструктурната изграденост, туристичките остварувања и осмислените тенденции. Развојните цели се плод на потенцијалите од атрактивен и рецептивен карактер и дестинацискиот менаџмент кој ги поттикнува и синхронизира взаемните односи кои се јавуваат во оваа просторна целина. Општествените услови претставуваат рамка во која може да се одвива оваа дејност на оптимален начин. Посебна вредност претставуваат комуникациските врски, бидејќи нивното унапредување е предуслов за уредување на просторот за туристичка намена, поттикнување на квалитетот на рецептивните ресурси, креирање на туристички производи и настап на туристичкиот пазар. Развојните можности пак се основа за предвидувањата, нивно класификување и донесување на акциски план кој треба да се реализира во наредниот десетгодишен период. Акцискиот план се темели на мисијата и развојната визија, поставените општата и специфичните цели и очекуваните резултати. Акцискиот план овозможува операционализација на конкретните мерки и активности.

# 1. Појдовна основа

Стратегиската појдовна основа подразбира определба да се имаат во предвид современите тенденции во креирањето на туристичките политики во Р. Македонија во контекст на пристапување Евро-атлантските интеграции. Имено изработката на овој `документ подразбира уважување заложбите кои се опфатени во развојните насоки туризмот да се третира како една од приоритетните дејности. Во овој период на пристапување голем дел од развиените земји членки на ЕУ, САД, Израел, Швајцарија како и Обединетите нации предвидуваат грантови, донации и кредитни олеснувања во кои туризмот и заштитата и унапредувањето на животната средина имаат приоритетно место. Истражувачките активности со кои се овозможува да се определат развојните приоритети во областа на туризмот се застапени во општината.Тие само придонесуваат да се дојде донови сознанија што претставува појдовна основа во планирање и воспоставување на издржани развојни проекции.

Во изготвувањето и спроведувањето на Стратегијата се пристапува од утврдување на компонентите кои се неопходни за реализација. Во овој контекст како појдовна основа се јавуваат потребите за донесување на овој документ. Потребата за нејзино донесување како појдовна основа подразбира определување на оправданоста, на воспоставените цели во оперативна смисла, врз основа на кои се темелат конкретните мерки и активности, како оптимални решенија во определената временска рамка. Појдовна основа е и идентификација на позитивните практики во изминатиот период,со што во современите услови потребата за донесување се поврзува со согледување на состојбите и развојните тенденции.

Појдовна основа претставуваат атрактивните и рецептивните ресурси во просторот кој е определен како туристичка дестинација, во општински рамки и во регионот како поширока просторна целина. Описот на регионот во кој се наоѓа општината Маврово и Ростуше нема само дескриптивен карактер туку аксиолошка димензија.

Стратегиското планирање на туристичкиот развој на општината појдовна основа наоѓа во посветеноста на менаџментот на Локалната самоуправа на чело со Градоначалникот и Секторот за Локален економски развој. Таа се изразува преку нивната непосредна ангажираност и претприемчивост.

## 1. 1 Потреба за донесување на Стратегијата

Стратегијата за развој на туризмот во Општината Маврово и Ростуше за период од наредните десет години овозможува на долгорочна основа со плански предвидувања да ги согледа потенцијалите и да даде проекција на оптимално користење на ресурсите во функција на развој на туризмот. На просторот на оваа општина туризмот претставува препознатлива дејност, не само во периодот од нејзиното формирање до денес, туку треба да се каже дека има корени во историски рамки. И во изминатиот период, туризмот беше ставен во приоритетните дејности, но бидејќи се работи за комплексна и хетерогена развојна можност остануваат перспективи кои не беа реализирани. Во овој поглед донесувањето на стратегијата треба да овозможи унапредување на туристичката валоризација на нови содржини, унапредување на промотивните активности, пристапноста на туристичката понуда кон туристичката побарувачка и развој на човечките потенцијали.

Таа спаѓа во групата на општини или туристички дестинации кои се определени како најатрактивни во Р. Македонија. Ваквата традиција, атрактивност и нагласената рецептивност претставува основа, туризмот во квалитативна и во квантитативна смисла, постојано да се надоградува. Оттука се јавува интенција Стратегијата да биде иновативна, а мерките и активностите за реализација да се оперативни и рационални.

Потребата за нејзино донесување произлегува на определбата на општината туризмот да се подигне на повисоко ниво, да постане брендирана дестинација со комплексна препознатливост како туристичка дестинација. Овој стратегиски приод се должи на атрактивните својства,кои се посебно богатство на овој регион, во кој природните и културните атрактивности имаат највисоко ниво на заштита.Во функција на развој на туризмот се и добрите комуникациски врски, понудата на сместувачки капацитети, услугите на угостителството во понудата на храна и пијалаци и комуналната уреденост и инфраструктурната опременост. Неопходно е да се има стратегиски однос да се искористат потенцијалите што ги поседува. Неопходноста подразбира и унапредување како развојна претпоставка.

Потребата за донесување на овој стратегиски документ се темели исто така на позитивната развојна политика која што се води во поглед на третманот на туризмот во локалната самоуправа. Охрабрува дека градоначалникот на општината и стручните служби во Секторот за локален економски развој на општината мошне посветено пристапуваат во реализацијата на заложбите, туризмот да биде една од приоритетните дејности. Впрочем, и утврдената потреба кај најзначајните чинители на функционирањето на општината за донесување на развојна стратегија од областа на туризмот ја потврдува

нивната амбициозност и ентузијазам. Оптималното користење на ресурсите за туристичка намена ја потенцира оваа потреба.

Овој документ овозможува да се функционалност на структурите во локалната самоуправа во унапредувањето на туризмот. Потребата е неопходна бидејќи само со примена на стратешкиот пристап може да се дојде до позитивни резултати. Тоа е јасна насока што овозможува согледувања на активностите за да се дојде до резултати кои ќе овозможат туризмот да го унапредува своето место во рамките на економскиот и општествениот развој во општината.

Донесувањето на овој документ на локалната самоуправа и овозможува да ги користи можностите кои и стојат на располагање од страна на државата, меѓуопштинската соработка и Полошкиот плански регион во целина, како простор за развој на туризмот. Во овој контекст се е и финансиската поддршка која произлегува од овие односи. Потребата од донесување на Стратегијата е и поради тоа што пред меѓународните донатори и фондови општината ќе може да ги поткрепува своите аспирации за користење средства, што не е можно без нејзино донесување и спроведување.

## 1.2 Опис на просторот на општината Маврово и Ростуше

Определбата за развој на туризмот подразбира дека се работи за простор во кој постои основа за вакви активности и во кој интересот на сите засегнати страни е насочен афирмација како препознатлива туристичка дестинација.

Површината на општината изнесува 663,19 км$^2$.По површина спаѓа меѓу трите најголеми општини во Р. Македонија. Ваквиот територијален опфат на општината овозможува релативно голема контактност и поливалентност во односите со нејзиното окружување, што пак условува можност за комплексна туристичка понуда.

Слика бр. 1. Мавровско Езеро



*Извор: https://zelenaberza.com.mk/*

Бројот на жители во општината според последниот попис изнесува 8. 618, а според избирачкиот список се проценува дека изнесува 100.000 жители. Ова зборува дека се работи за релативна стагнација во демографска смисла. Туризмот има функција на подобрување на квалитетот на живот и на спречување на иселување. Густината на население изнесува околу 13 жители на $км^2$. Релативно слабата густина на населеност подразбира дека се работи за слаба урбанизација и дека просторот има автентични карактеристики на животната средина.Во овој поглед, треба да се истакне дека во општина Маврово и Ростуше преовладуваат селски, и викенд населби. Во неа се наоѓаат следниве населени места: Аџиевци, Беличица, Бибај, Битуше, Богдево, Болетин, Велебрдо, Волковија, Видуше, Врбен, Врбјани, Галичник, Грекај, Дуф, Жировница, Жужње, Јанче, Кичиница, Кракорница, Леуново, Лазарополе, Маврови Анови, Маврово, Нивиште, Никифорово, Нистрово, Ничпур, Ново Село, Орќуше, Присојница, Росоки, Ростуша, Рибница, Селце, Сенце, Скудриње, Сретково, Сушица, Тануше, Требиште, Тресонче и Церово. Добра основа за нивно вклучување во туристичката понуда. Со оглед на тоа дека општината има слаба концентрација на население и е претежно рурална средина треба да

се констатира дека се работи за можности за развој на руралниот туризам.Исто така, треба да се констатира дека населените места се распространети по должината на сообраќајните правци Дебар-Гостивар и Дебар-Кичево што ним и на општината им дава транзитен карактер.

Општината е карактеристична по долгата историска традиција која опфаќа културно и историско наследство со мултинационален карактер и интеркултурни придобивки. Тоа е основа за развој на културниот туризам и едукативните активности на овој простор. Општината е карактеристична и по долгата традиција на етнографија посебно во занаетчиството. Традицијата на најдобрите копаничари на Балканскиот полуостров произлегува токму од овој простор. Освен тоа, карактеристично е дека занаетчиството се однесува и на традиционалното градежништво и архитектура. Поради овие вредности општината се смета за една од најнагласените печалбарски средини во Република Македонија.

Слиока бр. 2 – Ростуше – административен центар на општината



Занаетчиството придонесува да се сочува автентичноста на народното творештво и во таа смисла претставува една од основите на руралниот туризам. Етнографските вредности се застапени и во фолклорот, обичаите и традиционалните носии. Во овој контекст треба да се прифати и народната поезија и проза која со својата вдуховеност го одразува културниот идентитет на овој простор. Тоа е основа за организирање на манифестации и приредби со традиционални мотиви. Печалбарството пак овозможува

проткајување на вредности од различни средини и зближување на луѓето во интеркултурни релации.

Проткаеноста на просторот со пасишта во кои едавските услови се причина за изразена вредност на биодиверзитетот односно посебното богатство на различна тревна вегетација е основа за развој на сточарската традиција. Најдобрите сирења кои потекнуваат од Кораб и Бистра се должат етеричните масла во квалитетното млеко и извонредната традиција на подготовка. Тоа е основа на туристите да им се понуди ретка можност за гастрономска дегустација и доживување.

Во угостителството една од основните карактеристики е традиционалната подготовка, служење и конзумирање на храна, така што тоа треба да претставува дел од заложбите за зачувување на ваквите традиционални производи како посебна гастрономска вредност.

Сепак, доминантна вредност во општината Маврово и Ростуше претставува Националниот парк Маврово. Дури 93% од територијата на паркот е во рамките на оваа општина. Тој е прогласен со „Указ за прогласување на шумските предели околу Мавровското Поле за Национален Парк” (Службен весник на НРМ, бр.10 од 05. 05. 1949 год) ). Со новото прогласување границите на Заштитеното Подрачје биле значително проширени. Ова е направено со донесувањето на Законот за изменување на законот за прогласување на шумските предели околу Мавровското Поле за Национален Парк (Службен лист на СФРЈ, бр. 23 од 23.04.1952 год.Со овие измени, површината на Националниот Парк била зголемена дури за шестпати, односно од 11,750 ha на 73,088 ha.Според новиот начин на пресметувањеповршината која ја зафаќа ова заштитено подрачје изнесува 72,204.1 ha.Во овој простор издиференцирани се зони на заштита. Станува збор за посебни 5 строго заштитените зони, 1 мелиоративна зона со 11 научно-истражувачки оддели и 3 туристичко- рекреативни зони. Ваквата зонираност овозможува развој на екотуризмоте и едукативно рекреативни програми.

Конфигурацијата на просторот е сложена, а надморската височина се движи од 600 до 2, 764 m. Тоа значи дека се работи за котлински, долински и ридско – планински простор. Во ваква конфигурација се јавуваат бројни природни геоморфолошки облици проткаени со климатски, хидрографски,биогеографскии пејзажни атрактивности.Покрај тоа, Националниот парк е прогласен за заштитен простор и поради културното богатство. Тоа е застапено во форма на археолошки локалитети, културно-историските објекти од профано исакрално наследство и со богатата етнографија. Тоа е без сомневање основа за развој на културниот туризам во општината Маврово и Ростуше.

# 2. Методолошки активности за изработка на Стратегијата

Изработката и спроведувањето на Стратегијата за развој на туризмот подразбира примена на соодветна методологија. Таа подразбира принципи, инструменти и техники со кои се доаѓа до оптималните вредности.

Методолошки активности за изработка на Стратегијата го опфаќаат описот на проектната задача, како работен предмет кој го содржи опфатот на просторот во кој се применува документот, со негова просторна и временска рамка. Тоа подразбира реализација на конкретни задачи во процесот на нејзино подготвување и донесување.

За да дојде до реализација на вака поставениот предмет и описот на задачите неопходно е да се дефинираат методи и принципи во истражувања. Тоа се однесува како на примарните, така на секундарните сознанија кои се темелат на релевантните параметри.

## 2.1 Опис на проектната задача како работен предмет во нејзината изработката

Определувањето на развојните можности во општината Маврово и Ростуше како пристап подразбира реализација на конкретни проектни задачи. Тие всушност претставуваат оперативни согледувања на состојбите и досегашните активности на овој план. За да се согледаат ангажирањата на чинителите на развојот на туризмот во оваа туристичка дестинација неопходно е да се пристапи кон преглед и критички анализи на литературата, планските документи, стратегии и донесени други документи од страна на менаџментот на општината и другите засегнати страни кои се вклучени во оваа дејност и претставуваат фактор на подобрување во оваа дејност во наредниот десетгодишен период. Со оглед на тоа дека развојот на туризмот зависи и од националната рамка на влијанија ,исто така треба да се согледаат донесените документи на ниво на Република Македонија кои се релевантни за развојот на туризмот. Специфичниот карактер на општината да претставува простор кој во најголема мерка е во рамките на национален парк, зборува за потреба од спроведување на директиви и други акти на Европската унија. Тоа само по себе подразбира дека проектната задача треба да ја опфати ревизијата во која се има предвид односот кон документите на ЕУ. Ревизијата ќе овозможи оптимално користење на просторот по стандардите кои се усвоени во европската регулатива.

### *2.1.1 Преглед и анализа на постоечките и релевантни стратегии, планови и студии во согласност со ингеренциите на Локалната самоуправа на општината*

Ревизијата се однесува на документите кои се во согласност со ингеренциите кои ги има Локалната самоуправа и нејзините органи на чело со градоначалникот на општината. Ревизијата на донесените документи во рамките овие ингеренции е тесно поврзана со развојот на туризмот на општината Маврово и Ростуше. Преку стратегиите, плановите и развојни програми треба да се утврди поврзаноста на туризмот со развојните можности во целина и во тој контекст да се најде местото на туризмот како фактор кој има поттикнувачка и синергична улога. Активностите кои се плод на оперативните цели на општината и мерките кои се утврдени во овој стратегиски документ се тесно поврзани со ингеренциите на Локалната самоуправа.

Урбанистичкото (урбано и рурално) планирање, издавањето на одобрение за градење на објекти од локално значење е законска обврска на општината. Со оглед на тоа дека туризмот на просторот му дава посебна физиономија и хумана функционалност постоењето на донесените планови е основа за вклучување на инфраструктурните и супраструктурните објекти од областа на туризмот и угостителството. Овој документ подразбира уредувањето на просторот и уредувањето на градежното земјиште што е основна претпоставка за одржлив развој на туризмот. Донесените планови од оваа област се само основа за нивно надоградување и иновирање во наредниот десетгодишен период.

Заштитата на животната средина и природата – мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето, заштита на природата, заштита од бучавата и нејонизирачкото зрачење е еден од приоритетите во развојната проекција на оваа туристичка дестинација. Ова произлегува од фактот дека се работи за општина во која просторот има највисоко ниво на заштита. Затоа донесените стратегиски и плански документи се на националниот парк „Маврово“ се во тесна врска со документите од овој вид на општинско ниво. Како важни документи од оваа област треба да се истакнат следниве: Стратегија за климатските промени на општината за период од 2015 до 2025 г

Локалниот економски развој, односно планирање на локалниот економски развој подразбира дека во него свое место наоѓа и туризмот. Во општина која може да се означи како ризница на туристички природни и антропогени вредности, тој е фактор на економски и општествен развој. Во развојна смисла зазема водечко место во утврдените приоритети, а локалната економска политика се определува како чинител на зголемување на бруто домашниот производ, фактор на отворање на нови работни места и подобрување на животот на локалното население. Развојот на малите и средни

претпријатија и на претприемништвото на локално ниво е во тесна врска со структурата која ја има туризмот како стопанска дејност која во себе вклучува стопански субјекти од угостителството, сообраќајот и услужното занаетчиство кои по својата природа се од оваа категорија на претпријатија. Во овој контекст, ингеренциите на општината да учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерствово туризмот наоѓа дејност која е развоен таргет. Ова се темели на фактот дека управувањето со туристичката дестинација не е можно, ако не постои вмрежување на носителите на туристичката политика и туристичкото стопанство и ако не постои партнерство во односите на организаторите на туристичките активности, непосредните даватели на услуги и туристите како нивни корисници .Промоцијата на овие партнерски односи претставува значајна активност во развојот на туризмот.Но промоцијата на туризмот има и поширок контекст, затоа што овозможува повисоко ниво на афирмација на оваа дестинација и унапредување на посетеноста од страна на туристичката клиентела во квантитативна и квалитативна смисла.

Поради тоа,донесената Стратегија за локален економски развој на општината и Физибилити студијата за јавно приватно партнерство имаат значајно место како документи од кои ќе произлезат соодветни активности . Тие се дел од стратегиските определби во оваа област.

Туристичкиот развој е во тесна врска со ингеренциите на општината во комуналната сфера. Во туризмот комуналните дејности имаат третман на рецептивни развојни фактори. Ова произлегува од тука што едноставно не е можно да се проектира туристички развој без комуналната опременост и уреденост.

Во функција на развој на туризмот е снабдувањето со вода за пиење, јавното осветлувањето, одведувањето и третманот на атмосферските води и одржувањето на јавна хигиена која подразбира собирање, транспортирање и постапување со комуналниот цврст и технолошки отпад. Тие се предуслови сврзани со подобрениот начин на живот на локалното население, но и подобрената рецептивна основа на туризмот.

Планските предвидувања за развој на туризмот подразбираат подобрена внатрешна комуникативност и пристапност до туристичките локалитети. и објекти. Затоа уредувањето на патната инфраструктура, односни изградбата, одржувањето, реконструкцијата и заштитата на локалните патишта, улици и други инфраструктурни објекти, регулирањето на режимот на сообраќајот, изградбата и одржувањето на уличната сообраќајна сигнализација и организирањето на јавниот локален превоз на патници, како ингеренции на локалната самоуправа се од приоритетно значење во развојната сфера. Во сличен контекст е изградбата и одржувањето на јавниот простор за

паркирање и во соработка со Министерството за внатрешни работи отстранувањето на непрописно паркираните возила и отстранување на хаварисаните возила од јавните површини.

Изградбата и одржувањето на пазарите има двојна улога во туризмот на општината. Од една страна тие се фактор на снабдување на локалното население, туристите и угостителскиот сектор, а од друга страна се место за пласман локални производи во рамките на руралниот туризам (Стратегија за локален економски развој на Маврово и Ростуше, 2014).

Концептот на одржлив развој на туризмот подразбира користење на ингеренциите на локалната самоуправа во поглед на снабдување со природен гас и топлинска енергија од обновливи извори. Одржувањето и користењето на парковите, зеленилото, парк-шумите и рекреативните површините составен дел на ваквата определба. Но, исто така тоа придонесува општината да добие естетска и рекреативна димензија како туристичка дестинација. Во овој контекст е регулацијата, одржувањето и користењето на речните корита во урбанизираните делови и претворање во шеталишта за посетителите и локалното население. Тоа е во контекст со активностите содржано во Стратегијата за климатски промени (Стратегија за климатски промени на Општина Маврово – Ростуше, 2015).

Ингеренциите на локалната самоуправа во областа на културата и овозможуваат да ги искористи културните институции за организирање на манифестации и настани.Нивното одржување овозможува на креирање на туристичка понуда и специфични туристички производи. Во овој контекст е и одржувањето на културните институции и нивните објекти, финансиската поддршка на културните проекти, негувањето на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредност како и организирањето културни манифестации и поттикнувањето на разновидни специфични форми на творештво. На тој начин се збогатува можноста за постигнување повисоко ниво на задоволство на туристите, од посетата на оваа дестинација (Стратегија за локален економски развој на Маврово и Ростуше, 2014).

Спортот и рекреацијата во развојот на туризмот имаат карактер на специфична понуда. Одржувањето и изградбата на објекти за спорт како една од ингеренциите на ова ниво е од тројна важност за туристичката понуда. Спортистите се јавуваат како корисници на услуги во објектите и во таа смисла претставуваат сегментирана туристичка клиентела, туристите можат да ги искористат објектите за рекреација и рекреативно спортување и можат да бидат посетители на спортски настани. Во оваа смисла организирањето на спортски приредби и манифестации е дел и од туристичката понуда. Развојот на

масовниот спорт и рекреативните активности има на само карактер на физичка култура која го облагородува локалното население, туку му овозможува да се подигне нивото на прифатливост на спортскиот туризам како селективна развојна форма. Иако во овој контекст треба да се прифати и поддршка на спортски сојузи, кои се во ингеренции на Локалната самоуправа, нивната улога е содржана и во соработката со вакви организации во емитивните средини со што се зголемува интересот за посета на оваа туристичка дестинација. Така тие претставуваат организациски фактор во развојот на спортскиот туризам. Во овој поглед Потстратегијата за развој на спортскиот туризам во Р.Македонија за периодот од 2013 до 2018 год. може да се искористи во овој поглед.

Ингеренциите во социјалната заштита и заштита на децата – детски градинки и домови за стари, остварување на социјална грижа за инвалидните лица и други категории треба да се искористи во размената на престој со други средини тоа го овозможуваат атрактивностите на просторот и позитивниот приод во разрешувањето на проблемите од социјалната сфера. Така се овозможува развој на социјалниот туризам. Тој е во тесна врска со комплексот на вршењето на овие надлежности. Тие се во согласност со Националната програма за развој на социјалната заштита.

Во поглед на образованието ингеренциите на локалната самоуправа овозможуваат да ги искористи образовните институции за организирање на манифестации и настани. Така се овозможува посета на туристи и ученици од други средини. Покрај тоа и во овој сегмент постои можност за размена на посета која ги зближува учениците преку туристичкиот престој. Учениците од други средини постануваат промотори на туризмот на општината Маврово и Ростуше врз основа на гостопримството и задоволството од атрактивностите кои ги посетиле. Со оглед дека плановите и програмите во средното и основното образование опфаќаат е екскурзии и школи во природа оваа туристичка дестинација се наметнува како една од најатрактивните во Р.Македонија. Вака се воспоставува основата за развој на училишниот туризам.

Управувањето со мрежата на јавни здравствени организации и објекти од примарна здравствена заштита од страна на Локалната самоуправа овозможува да биде фактор и за функционирање на туристичката активност. Имено, јавното здравство,во рамките на овие ингеренции овозможува итна медицинска помош која е неопходна во определени ситуации. Таа е потребна како на локалното население, така и на туристите, односно посетителите. Здравствената заштита е дел од рецептивните фактори во развојот на туризмот.

Развојот на туризмот подразбира и преземање на безбедносни мерки кои се во ингеренции на Локалната самоуправа. Треба да се констатира дека ова е еден од

најважните фактори во управувањето со туристичката дестинација, затоа што безбедноста претставува основен предуслов за посета и престој на туристите и нивните материјални добра. Спроведувањето на подготовки и преземање мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи од последиците предизвикани од нив е една од основните надлежности во областа на безбедноста. Тоа се однесува и на туристите. Противпожарна заштита што ја вршат територијалните противпожарни единици е исто така дел од овој безбедносен систем во ингеренции на Локалната самоуправа. Од посебна важност во оваа туристичка дестинација, во која планинарењето и алпинизмот се застапени како форми на туристички активности има спасувачката служба во планински услови. Таа има многу важна логистичка улога во развојот на планинскиот туризам, не само при спасување при несреќи туку и во услови кога поради непочитување на сигнализацијата немаат ориентација во движењето или пак запаѓаат во непристапни терени.Овие надлежности се поткрепени и со Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на Р.М бр, 36/04,49/04, 86/08, 124/10,18/11 и 41/14)

### *2.1.2 Правна рамка од областа на туризмот*

Изготвувањето на Стратегијата за развој на туризмот во општината Маврово и Ростуше произлегува од надлежностите кои и се определени во член 22 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М бр.5/2002 год.). Ова е и статутарната обврска на општината со која се определува нејзиниот развој. Таа треба да биде усогласена со Стратегијата за Локален економски развој, во која туризмот е една од приоритетните развојни дејности. Поради поврзаноста на општината во областа на туризмот со другите општини од Полошкиот плански регион, Стратегијата за развој на туризмот треба да биде усогласена со Стратегијата на овој регион.

Покрај оваа правна рамка, Стратегијата треба се вклопува во рамките на законите кои ја регулираат туристичката дејност какви што се следниве:

Закон за туристичката дејност, Закон за угостителската дејност и Закон за основање на Агенција за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија.

Освен директните закони поврзани со туристичката дејност, свое влијание имаат и сите закони поврзани со стопанството, имотно-правните односи и државното уредување. Исто така, многу важно е да се напомене и усвоената мерка на Владата на Р. Македонија со која се субвенционираат туристичките посети од странство, односно се

субвенционира дојдовниот туризам со тоа што секое правно лице кое ќе донесе странски туристи со минимален престој од 3 ноќевања добива стимулација по единица турист. Стимулациите во оваа дејност се однесуваат и на „намалување на данокот на додадена вредност.

Со оглед на тесната поврзаност на општината со националниот парк Маврово зготвувањето на Стратегијата за развој на туризмот треба да ги има во предвид и законските и подзаконските акти кои ја третираат материјата на постоење и функционирање на овој заштитен простор.Оваа законска регулатива коинцидира со нивната примена во локалната урбанистичка планска документација. (Извештајот за стратегиската оцена на животната средина за локалната урбанистичка планска документација за ГП В.1 на КП. 449, КО Волковија, големи угостителски единици, општина Маврово и Ростуша од 2015 год). Овој документ се потпира на Законот за животна средина (Сл. Весник на Р.М бр.53/0581/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12,93/13,183/13, 42/14, 44/15 и 161/15), Законот за заштита на природата (Сл. Весник на Р.М бр.67/0414/06,84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13 і 41/14),Законот за води( Сл. Весник на Р.М бр.87/6/09, 161/09, 83/10, 51/2011,44/12, 23/13, 163/13 и 180/14),Закон за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на Р.М бр.24/0891/09, 124/10, 18/11, 53/11, 60/11, 144/12, 55/13, 163/13 і 42/14))и Законот за усвојување на просторниот план на Р.Македонија (Сл. Весник на Р.М бр.39/04).

## 2.2 Методи во изготвувањето на стратегијата

Изборот на методи во рамките на методологијата на изработка и спроведување на стратегијата опфаќа повеќе пристапи кои треба да овозможат издржано разрешувањето на задачите кои се поставуваат. Тој треба да даде издржана квалитативна и квантитативна реализација на поставените задачи кои се содржани во нивниот опис.Така се овозможува идентификација на проблемите и оптимален начин на нивно разрешување. Разрешувањето на проблемите се темели на осмислувањето на насоките кои водат кон издржани резултати. Примената на различна методи произлегува од сложеноста на туризмот. Тој не треба да се третира како стопанска гранка, туку како дејност во која угостителските гранки, сообраќајот, трговијата и услужното занаетчиство имаат основна развојна улога. Токму ваквото проткајување на различни гранки, неговиот социјален и културен одраз во средината, кава што е општината Маврово и Ростуше бара да се применат методи кои меѓусебно ќе се проткајат во синергичен приод. Методите за изработка се плод на секундарните истражувања, а ставовите и мислењата на познавателите на приликите се добиваат во рамките на примарната истражувачка методологија.

### *2.2.1 Методи на изработка во рамките на секундарните истражувања*

Во методолошка смисла Стратегијата за развој на туризмот се потпира на секундарни истражувања.При тоа се користат релевантни показатели кои се публикувани од страна на Државниот завод за статистика, Министерството за економија како ресорно министерство, Агенцијата за вработување и Народната банка на Република Македонија. Исто така, основен изворна релевантни показатели е Локалната самоуправа која поседува податоци од областа на оваа дејност. Тие можат да бидат публикувани во форма на билтените, извештаите и други публикации.

Описот на задачата во изготвувањето на оваа Стратегија за развој на туризмот всушност претставува барање на соодветна методологија. Иако има само индикативен карактер дескрипцијата има за цел да ги отслика рамките во кои ќе може да се применува овој стратегиски документ. Оттука овој метод како дескрипција или описот се користи е во контекст на активностите кои треба да се преземат за да се постигне нивото кое за да и овозможи на Стратегијата да биде респектибилна и спроводлива. Согледување на проблемите и предвидување на можностите за нивно разрешување се од императивна природа. Разрешувањето на проблемите се темели на осмислувањето на насоките кои водат кон современите резултати, кон кои се стреми општината Маврово и Ростуше во развојот на туризмот.

Добрите практики служат како модели кон кои треба да се стреми развојот на туризмот во оваа средина. Осмислувањето на начините на нивна примена во оваа туристичка дестинација е сврзано со согледување на условите во кои се реализира и нивно споредување со потенцијалите кои се присутни во овој простор.Тоа подразбира примена на компаративната методологија која овозможува да се определат позитивните околности кои ќе придонесат да се дојде до одржлив развој на туризмот. Низ примена на овој пристап ќе се реализира искуствениот ефект кој постои во креирањето на политиките во оваа дејност, Стратегијата ќе биде основен документ за реализација.

Соодветноста на методологија подразбира аналитичката идентификација на развојните параметри и нивна систематизација. Врз основа на нив се доаѓа до осмислување на тенденциите и насоките односно реализацијата на утврдените цели. Во овој поглед значајно место имаат показателите за обемот, динамиката и структурата кои ги отсликуваат движењата во минатото, состојбите и тенденциите во наредниот десетгодишен период. Анализата се однесува на согледување на потребите за промени и подобрувања во поглед на развојните параметри.

За да може да се структурира развојната основа во наредниот десетгодишен период потребно е да се изврши туристичка валоризација на расположливите вредности.Таа се однесува на просторните вредности, организациските претпоставки, атрактивноста на природните и антропогените ресурси, рецептивноста на капацитетите и користење на човечките потенцијали.

Анализата на вредностите на просторната положба овозможува да се согледаат релациите со опкружувањето и да се најде нејзиното место во просторните односи со емитивните сфери на туризмот. Транзитноста на туристичко-географската положба, сама по себе претставува туристичка вредност. Таа овозможува и патници кои немале аспирации за посета , односно се јавуваат само на минување, преку транзитноста можат да се вклучат во стационарна форма и да престојуваат во оваа туристичка дестинација. Но, исто така нејзината туристичко-географска положба е вредност која овозможува пристапност на туристите од различни просторни целини. Посебно е важен односот кон емитивните сфери и конкурентните туристички дестинации.

Институционалната поставеност на туризмот подразбира негова организациска вредност на сите нивоа. Тоа се однесува структурата на туризмот и неговата поставеност од локално, регионално и национално ниво. Во оваа смисла, посебно е важно согледувањето на управувачкиот менаџмент на туристичката дестинација и нивната одговорност во креирањето на туристичките политики. Маркетиншките активности и промоцијата на туризмот е поле за анализа низ призма на одговорностите на нивоата на неговата поставеност од локално до национално ниво но и во секторите кои ја определуваат дејноста во бизнис секторот, туристичката организираност во владиниот и невладиниот сектор, односно асоцијативност со и без туристички предзнак. Нивото на вмрежување на сите засегнати страни е една од важните компоненти на туристичкиот развој.Врз основа на овој методолошки приод се доаѓа до сознанија за кадровската екипираност и вклучување на соодветни кадри во имплементацијата на стратегиските мерки и активности. Таа се однесува на човечките ресурси и вработеноста и квалитетот на услугите.

Ситуационата анализа овозможува да се согледаат состојбите кои го определуваат туристичкиот развој. Таа ги опфаќа појавите и односите низ показатели од квалитативен и од квантитативен карактер согледувајќи ги туристички потенцијал во смисла на взаемно делување на различни фактори во општински рамки и надвор од нив.

Анализата на состојбите на туристичките потенцијали подразбира определување на регистар на туристичките ресурси од атрактивен карактер. Посебно е важна понуда на производи на автохтоното и традиционалното производство. Тоа е основа за креирање на

туристички производи кои се дел од понудата за одржлив развој со препознатлива социо-економска димензија како валоризациска категорија.

Аналитичкиот приод подразбира согледување на состојбите на сместувачките капацитети во општината овозможува да се дефинираат идните потреби во оваа смисла, како од видови, така во квалитет на услугите.

Со примена на методот на SWOT анализата се овозможува согледување на недостатоците и насоки за нивно надминување. Така се согледуваат потребните мерки и активности за овозможување на одржлив развој на туризмот од сите аспекти во контекст на националната политика и стратегија. Овој метод овозможува добивање на препораки за подобрување на квалитетот на услугите и прифатливоста на подобрена атрактивност на просторот.

Оваа методологија овозможува, врз основа на вреднувањето на потенцијалите да се издиференцираат селективни видови туризам. Согледувањето на нивните развојни можности ја определува потребата за насочување на изградбата на соодветна инфраструктура и определување на нивна локација.

### *2.2.2 Спроведување интервју со познавателите на приликите како примарно истражување*

Спроведување интервју со познавателите на приликите како примарно истражување произлегува од потребата тие да дадат свое мислење и оценка на вредностите кои се јавуваат во просторот на општината на Маврово и Ростуше. Тоа се однесува на просторната положба, природните вредности и заштитата на животната средина,настаните и манифестациите, културно историските вредности, етнографското наследство, општествените услови, односно општествената и економската регулатива, рецептивните потенцијали и управувањето со потенцијалите. Ова истражување овозможува надополнување на добиените резултати во секундарното истражување, претставува индикативна оценка за определување на целите и очекуваните резултати од изготвената, донесена и реализирана развојна стратегија на туризмот во овој простор.

## 2.3 Методски принципи во изработката на стратегијата

Покрај методите кои овозможуваат оптимална реализација на активностите, посебно во доменот на истражувачкиот приод неопходна е и држење до определени принципи во изработката на стратегијата. Тоа упатува на потреба од опфат востановени активности кои задолжително треба да се применуваат придонесувањето на ваков документ.

**Сеопфатноста** е основен принцип. Тој упатува на тоа дека во е неопходно да се настојува своето место во стратегиското планирање да го најдат сите потенцијали и чинители на развојот на туризмот во општината.

**Принципот од поединечно** кон општо подразбира дека утврдените вредности кои служат за развојна проекција на туризмот имаат конкретни и специфични карактеристики и разместеност во различни средини. Меѓутоа, врз основа на ваквите карактеристики се донесуваат генерални ставови за диференцирани вредности во функција на развој на туризмот. Ова е важен принцип со оглед на големината на просторот и содржајноста на понудата.

**Систематичност**а во изработката подразбира појавите и односите да се подредуваат според својата важност, затапеност, големина, трајност и слични критериуми. Тие треба да се класификуваат во услови на иста припадност и да се типизираат кога станува збор за различни вредности. Врз основа на систематизацијата е определена приоритизацијата на факторите во развојот на туризмот во општината Маврово и Ростуше.

**Принципот на споредливост** подразбира дека преземените мерки и активности ќе можат да споредуваат со слични и различни пристапи во општината и надвор од неа. Споредливоста овозможува избегнување на произволности и запаѓање во фактографски недоречености. Споредувањето овозможува да се најде местото во поглед на квалитетот на решенијата кои се дел од развојната проекција во наредниот десетгодишен период, како и да се искористат оние решенија кои се оптимални во други вакви документи.

Принципот на **изводливост и реализација** подразбира дека е неопходно да се има оптимален и рационален пристап во определувањето на планските предвидување за да се избегне појава на предимензионираност или пак со неадекватна определба на вредноста.

# 3 Проценка на состојбата и идентификација на клучните фактори во развојот на туризмот

Проценка на состојбата ги опфаќа појавите и односите кои се релевантни за туристичкиот развој и кои од изминатиот период до сегашното ниво делувале во Општината Маврово и Ростуше.Таа го опфаќа согледувањето на развојот низ параметрите кои се користат како вредности. Тоа значи дека вредноста на туристичко-географската положба и поврзаноста, атрактивниот фонд на природните и антропогените содржини, состојбата и квалитативните и квантитативните карактеристики на рецептивниот сектор, комуналната уреденост и опременост, обемот, динамиката и структурата на посетеноста и престојот и остварените приходи, проценката на емитивните сфери и промотивните активности на туристичкиот пазар се основа за проектирање на развојот на туризмот во општината во наредниот десетгодишен период.

## 3.1 Проценка на вредноста на туристичко-географската положба

Туристичко-географската положба и поврзаноста се проценуваат до гледна точка на состојбите како потенцијал и како клучен фактор на развој. Во основа нејзината туристичка вредност е утврдена врз основа на карактерот што го има. Се работи за параметри кои овозможуваат положбата да се вреднува како развоен фактор и да се третира како основа за селективност во изборот на елементите на туристичките производи. Таа овозможува согледување на односите со опкружувањето, со конкуренцијата, правците на движење на туристите и емитивните средини од кои се очекуваат туристите. Во оваа смисла туристичките вредности се определени според дистанците меѓу емитивната и рецептивно-атрактивната сфера.

Слика бр. 3 - Просторна положба на Општина Маврово и Ростуше




*Извор: https://upload.wikimedia.org/wikipedia/commons/*

Општината Маврово и Ростуше е просторно и територијално определена со нејзините математички параметри. Таа претставува административна целина во рамките на Полошкиот плански регион. Во просторна смисла се протега меѓу $41^0$ $28^{\prime}$и $41^0$ $43^{\prime}$ северна географска широчина и $20^0$ $36^{\prime}$ и $20^0 51^{\prime}$источна географска должина.Со примена на современата информатичка технологија и со користење на овие показатели се определува точната локација на општината Маврово и Ростуше. Овие показатели на туристите им овозможуваат да ја определат должина на релациите од емитивните простори до оваа туристичка дестинација и временскиот период кој е потребен за совладување на просторот. Тоа значи дека е потребно во промотивните материјали, програмите за реализацијата на туристичките производи и во развојните планови и плански проекции да најде свое место како туристичка вредност.

Општината Маврово и Ростуше се наоѓа во Полошкиот плански регион што и овозможува вклучување во заедничка туристичка понуда и решавање на проблемите со заеднички сили на чинителите .

Туристичко-географската положба како вредност на општината е содржана во нејзината близина и отвореност што има гравитационо дејство за кон туристите и излетниците од широк емитивен простор. Атрактивните потенцијали по долината на Радика и Црн Дрим кон Охридско-струшката Котлина, како туристички најразвиен простор, на општината и овозможува креирање на комбинирани туристички производи. Користењето на ресурсите содржани во најпривлечниот простор во Р. Македонија упатува на дестинациска соработка во користењето на ресурсите. Во тој контекст е и вработеноста и кадровските потенцијали кои рационално се користат во зимскиот и летниот период.Туристички објекти и просторни целини ги користат параметрите кои произлегуваат од содржинските елементи на различните географски средини. Поливалентноста како функционалност на туристичко-географската положба и овозможува да се искористат вредностите не само во нејзини рамки, туку и надвор од неа. Таков е примерот со близината на Јадранското Море во Албанија. Врз оваа основа се темелат турите на комбинирање на ресурсите од приморски, езерски, долинско-кањонски карактер со планински целини, културни вредности од најатрактивен ранг и заштитени простори од највисоко ниво.

Транзитноста на туристичко-географската положба е во двојна функција. Тоа значи дека „ Западната туристичка магистрала“ освен што претставува основа за транзитирање, таа овозможува движење на туристите и патниците токму по најатрактивната делница во Р. Македонија. Транзитноста овозможува креирање и други производи врз основа на пристапноста на просторот. На тој начин таа е во функција на пласман и реализација на туристичките производи.

## 3.2 Проценка на вредностите на поврзаноста

Поврзаноста има фундаментална улога во општински и регионални рамки. Релативно добрата пристапност до туристичките атрактивности и рацептивни капацитети на општината и овозможува да се вклучи во туристичката понуда како средина со погоден пристап. Затоа е битно да се согледаат вредностите на поврзаноста во контекст туристичко-географската положба и посебно нејзиното влијание во насока на користење на можностите овие вредности оптимално да се искористат и да се унапредат. Квалитетот на комуникациските врски е еден од најважните фактори во унапредувањето на туристичкиот развој. Тоа подразбира дека подобрувањето на квалитетот на сообраќајните врски го поттикнува стопанскиот развој во целина. Но во туризмот тој има посебно значење затоа што се јавува и во форма на рецептивност или фактор на поврзување на

ресурсите во туристичката дестинација. Затоа е многу важно перманентно да се прави анализа на состојбите во сообраќајните врски и постојано да се унапредува оваа дејност.

Пристапноста на општината е определена со релјефната конфигурација која овозможува трасирање на најзначајни сообраќајни комуникации. Комуникативноста и овозможува на општината пристапност од правецот на Скопје преку најблиските градови Гостивар и Кичево, и од правецот на Охрид преку Дебар и Кичево. Скопје на тој начин постанува значаен емитивен центар на туризмот во општината Маврово Ростуше. Охрид со граничниот премин Св., Наум,Струга со граничниот премин Ќафа Сан и Дебар со Блато овозможуваат поврзаност со Албанија. Според тоа станува збор за интернационална комуникативност. Во меѓународни рамки таа е во контекст на определените услови од граничните премини во функција на туристичкиот развој.

Во поглед на патната комуникативност потребно е унапредувањево делницата меѓу Тетово и Гостивар. Полошката Котлина и долината на реката Вардар претставуваат простор низ кој се протега коридорот 8 или Е -871 и железничката пруга Скопје -Тетово-Гостивар -Кичево.

### *3.2.1 Проценка на вредностите на воздушната сообраќајна поврзаност*

Близината на Меѓународниот аеродром во Скопје и аеродромот Св. Апостол Павле во Охрид отсликува состојбата преку кој се одвива воздушниот сообраќај. Тие треба да се вреднуваат како најзначајни пристапни сообраќајни ресурси на интернационален план. Според тоа тие сево директна функција на развојот на туризмот. Анализата на состојбите во овој домен на комуникативноста покажува дека се работи за воздушни пристаништа во релативно добра состојба. Таа ја определува состојбата на пристапноста по воздушен пат како поволна. Ова се однесува на фактот дека сообраќајна положба на општината меѓу два аеродрома, охридскиот и скопскиот има функционален карактер не само како транзитност, туку и како можност патниците да ги искористат стационираните услови. Ова е посебно нагласено во поглед на постоењето на нискобуџетни летови кои овозможуваат иселеници од општина Маврово и Ростуше и нивни пријатели, како и туристи кои имаат аспирации кон оваа туристичка дестинација да престојуваат во овој простор по релативно пристапни цени.

### *3.2.3 Проценка на вредностите на патната поврзаност*

Проценка на вредностите на поврзаност се однесува на квалитативните и квантитативните развојни параметри во општината Маврово и Ростуше. Квалитетот на патната мрежа претставува еден од основните чинители на развојот на туризмот во општината. За да можат да се согледаат карактеристиките на патната поврзаност потребно е таа да се анализира во пошироки рамки од општинските, затоа што поврзаноста зависи од сообраќајното окружување. Како компаративен преглед за состојбите, односно како индикатор комуникациските односи дадени се параметрите на Република Македонија, Полошкиот регион во оваа област со оглед на тоа дека оваа комуникативност е доминантна.

Табела бр. 1 - Локална патна мрежа во км

| **Патна мрежа 2017 год** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Простор** | **Држава и регион** | | | | | | | | | |
| | **Вкупно** | **Вкупно во %** | **Асфалт и коцка** | **Учество во %** | **Макадам** | **Учество во %** | **Земјени** | **Учество во %** | **Непросечени** | **Учество во %** |
| **Република Македонија** | 9733 | 100% | 5232 | 53.76 | 807 | 8.29% | 2558 | 26.28% | 1136 | 11.67% |
| **Полошки плански регион** | 1502 | 100.00% | 989 | 65.85% | 113 | 7.52% | 252 | 16.78% | 148 | 9.85% |
| **Општина** | | | | | | | | | | |
| Маврово Ростуше | 187 | 100% | 65 | 34.76% | 19 | 10.16% | 52 | 27.81% | 51 | 27.27% |

*Извор: Статистички годишник на РМ 2018 – ДЗС на РМ*

Од табеларниот преглед се воочува дека просечното учество на асфалтни патишта и коцка во општината заостанува во поглед на овие параметри зад просечното учество кое е регистрирано во Република Македонија и во Полошкиот плански регион. Тоа значи дека е потребно унапредување на овој план. Имено, учеството на асфалтот во Република Македонија изнесува 53.76%, во Полошкиот регион 65.85%, а во Општина Маврово-Ростуше само 34.76%. Тоа значи дека квалитетот на патната мрежа не задоволува ако се спореди со реализацијата во Република Македонија и Полошкиот плански регион. Меѓутоа, во поглед на останатите патишта постои предиспозиција бидејќи има поголемо учество на земјените и непросечените патишта кои се обележани како можност за асфалтно подобрување. Посебно е важно дека дел од овие патишта може да се искористат за велосипедски и пешачки патеки. Оваа состојба укажува на тоа дека туризмот има добра основа за развој димензиониран на квалитетот на комуникациите.

Учеството на макадамската патна мрежа е скромно што го потврдува претходниот став во врска со квалитетот на локалната патна мрежа. Меѓутоа, простор за унапредување на ваквата комуникативност постои пред се во преструктуирање на земјените патишта. (учество од 27,81%, наспроти учеството од 27,27%.) Тоа треба да овозможи да се трансформираат или во патишта во асфалтен карактер или да се искористат за туристички рекреативни цели. Со тоа, ќе се подигне квалитетот на патната мрежа на повисоко ниво. Учеството на непросечените патишта е релативно високо, така што нивното користење може да биде основа за идни развојни придобивки.

### *3.2.4 Проценка на вредностите на железничката мрежа*

Дел од железничка мрежа се протега во непосредна близина на општината Маврово и Ростуше. Железнички станици се наоѓаат во Гостивар и Кичево. Тоа значи дека во услови на развиен железнички превоз мрежата би претставува фактор кој би придонел да дојде до подобрување на поврзаноста и квалитетот на превозот. Меѓутоа, состојбата на овој превоз е таква што воопшто не претставува чинител кој има улога во превозот на патници. но може да го поттикне туристичкиот развој. Постојната железница покрај другите неповолности се наоѓа во лоша состојба во поглед на техничката опременост. Тоа се одразува на превозот на туристи, патници и стоки. Посебно треба да се истакне дека поради тоа туристите во многу мал број ја користат оваа комуникација.

Квалитетот на сообраќајните средства во општината е на релативно ниско ниво. Тоа произлегува од вкупната состојба на квалитетот на ниво на Република Македонија, што јасно се одразува и на општината постојната железница. Покрај другите неповолности во лоша состојба се наоѓа и во поглед на техничката опременост. Ова посебно се однесува на локомотивите и вагоните во железничкиот сообраќај. Тоа се одразува на превозот на туристи, патници и стоки. Посебно треба да се истакне дека поради тоа туристите во многу мал број ја користат оваа комуникација.

### *3.2.5 Состојба на превозот во општината во функција на туризмот*

Превозот во општината се реализира со користење на патната инфраструктура. Останати видови на превоз како трамвајски или тролејбуски немаат сообраќајници. Овој вид на превоз во туризмот овозможува поврзување на туристичките локалитети односно нивна пристапност. Исто така таа му овозможува на населението да може да ги реализира своите активности. Ова е исто така важно за развој на туризмот, затоа што овозможува вработените во објектите во Секторот туризам при ЛЕР-от на локалната самоуправа, во

објектите кои се дел од туристичката понуда како служби и институции, сообраќајот, услужното занаетчиство и угостителството да ги обавуваат професионалните обврски. Локалната самоуправа е одговорна да обезбеди услови за ваква функционалност на сообраќајот во општината од локален карактер. Во поглед на регионалните патишта тоа го прави преку Јавното претпријатие за патишта кое што е одговорно за нивно одржување. Средствата за одржување се обезбедуваат преку Фондот за патишта. Локалната самоуправа соработуваат на овој план, но директни едногодишни договори со кој се утврдува видот, обемот и вредноста на работите на одржувањето и заштита на јавните патишта за секој пат одделно, посебно за работите на одржување на проодноста на патиштата во зимски услови, роковите за извршување, надзорот на извршувањето склучуваат Фондот за патишта и Јавното претпријатие за патишта.

### *3.2.6 Карактеристики на патната мрежа во општината*

Конфигурацијата на просторот во општината е едена од причините за широка разместеност на населените места.Во населените места покрај сместувачките капацитети се јавуваат и туристички атрактивни ресурси. Туристичките атрактивности се наоѓаат и на различни локации. Тоа значи дека широка разместеност имаат и атрактивните локалитети и објекти. Широкиот територијален опфат на општината е фактор за потреба која подразбира добра комуникативност. Поради тоа, мрежата на патишта во општината која ја сочинуваат бројни локални патишта, а кои ги поврзуваат населените места и атрактивни туристички локалитети и објекти е основа за интензивен туристички развој. Карактеристиките на патната мрежа се дел од усвоената Стратегија за локален економски развој од 2014-2018 г. така што е основа за прифаќање и во оваа стратегија,во третманот на карактеристиките на патната мрежа како туристички ресурс.

Регионалниот пат Р 409 е од посебна важност за туризмот . Со оглед колоритната атрактивност низ кој се протега од туристичка гледна точка се означувa како „ Западна туристичка магистрала“. Тој се поврзува на значајната магистрала означена како коридор 8 или Е871кон Скопје, а преку Дебар со Струга и Охрид. Треба да се констатира дека се работи за главна сообраќајна артерија долината на реката Радика. Според податоците на Фондот за регионални и магистрални патишта по овој пат просечно во текот на годината поминуваат околу 740 возила. Сообраќајниот интензитет е многу поголем на долниот дел на регионалниот пат Р409, во однос на другиот дел, што се должи на големата циркулација на населените места од општините Ростуше и Центар Жупа кон Дебар како урбан центар во овој дел од регионот.

Низ општината минуваат и регионалните патишта, Р413, Р414и Р415. Прегледот на состојбата на сите регионалните патишта кои поминуваат низ Општина Маврово и Ростуше се дадени во Табела бр. 2

Табела бр.2 - Преглед на состојбата на регионалните патишта кои поминуваат низ Општина Маврово и Ростуше

| Пат | Дел од патот | Вкупно (м) | Асфалтиран | Макадам | Земјен | Без порамнување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Р409 | Поврзаност Р409 - Ростуше | 1,510 | 1,510 | | | |
| Р 414 | Поврзаност Р414 - Галичник | 2,255 | 2,255 | | | |
| Р 414 | Поврзаност Р414 -Тресонче | 2,210 | 2,210 | | | |
| Р415 | Поврзаност Р415 - Лазарополе | 6,560 | 6,560 | | | |
| Р 409 | Ново село–Маврови Анови– Дебар–Блато | 60,710 | 60,710 | | | |
| Р413 | Маврово-Бунец ( поврзаност со Р409) | 24,700 | 24,700 | | | |
| Р414 | Р413–Росоки–Осој | 29,785 | 21,030 | 1,005 | 2,100 | 5,650 |
| Р415 | Бошков мост–Извор | 33,560 | 12,049 | 21,511 | | |

*Извор:Фонд за магистрални и регионални патишта на Република Македонија, 2009*

*Општина Маврово и Ростуше, Стратегија за локален економски развој2014 - 2018 година*

Од табеларниот преглед број 2 се глед дека целосно се асфалтирани сите регионалните патишта освен регионалниот пат Р414 кон Росоки и Осој и Р415 Бошков Мост-Извор. Неасфалтираната делница на регионалниот пат Р415 Бошков Мост-Извор изнесува само околу 12 км. Тоа е релативно кратко растојание, а има круцијално значење за развој на туризмот. Со ова поврзување пристапноста на општината од магистралниот пат Е-871 ќе биде двојна, а туристичките ресурси ќе се збогатат со кружна линеарна разместеност. Тоа дополнително ќе придонесе да дојде до поттикнување на туристичкиот развој на општината.

Патиштата на поголема оддалеченост се поврзани со локални патишта и со помал квалитет. Треба да се констатира дека иако местата се поврзани со асфалтни патишта ширината на патот често е околу 3м, што создава тешкотии во разминувањето на возилата.

Локалната патна мрежа не е на задоволително ниво. Состојбата на патиштата околу Мавровското Езеро се во релативно добра состојба и најголем дел на населените места се поврзани со асфалтен пат. Сепак има и населени места кои се поврзани со земјен пат или пат покриен со макадам. Селата Нивиште, Ничпур и Сенце се поврзани со земјени патишта, додека пак селата Дуф, Нисторово и Богдево се поврзани со пат покриен со макадам. Единствено село што не е поврзано со пат е Жужње, кое не е населено.

Сепак треба да се констатира дека е неопходно да се унапредат состојбите во патната мрежа и да се насочат кон поттикнување на туристичкиот развој. Ова произлегува од незадоволителната состојба. Само третина од вкупната должина на локалните патишта е асфалтирана, така што е неопходно да се подобрат овие односи. Тоа преставува негативна околност за непречено одвивање на сообраќајот. Во општината се преземаат активности на на овој план бидејќи пробивањето на новите патишта не е извршено повеќе од 25 години. Најголем дел од локалните патишта се изградени пред 90-тите. На патиштата се вршени само поправки и одржување. Одржувањето на регионалната и локалната патна мрежа и чистењето на патиштата е во директен интерес на одвивање на туристичката активност. Затоа и на овој план е неопходна соработка меѓу Локалната самоуправа и државните институции.

Во Стратегија за локален економски развој 2014-2018 година, се наведува дека „Министерството за финансии и општина Маврово-Ростуше на 24.12.2013 потпишале договор за финансирање на проектот „Изградба на улично осветлување на две секции од регионалниот пат П-409 Маврово-Дебар. Средствата се обезебедени преку Проектот за подобрување на општински услуги МСИП.

Проектот е подготвен и истиот е доставен на одобрување со Светската Банка. ЈП за државни патишта реализира проект за реконструкција на патот Маврови Анови-с.Маврово. Овие средства се обезбедени од Светската Банка. Како дел од проектот се и работите на патот од Бунец до с.Леуново. Моментално проектот е во статус на мирување. Патот од Бунец до Леуново е во мирување, а патот Маврови Анови–Маврово е скоро завршен. Се очекува да се реконструира патот Ново Село–Бунец и Бунец–Маврови Анови.“ (Стратегија за Локален економски развој 2014)

### *3.2.7 Квалитет на услугите во локалниот превоз*

Општината, Маврово и Ростуше е претежно планинска општина. Тоа подразбира дека во зимските месеци поради големото количество на врнежи од снег се соочува со големи проблеми. Големите количини на снег се карактеристични за овој регион така што се причина за релативната изолираност на пределите до кои понекогаш не може да се стигне со денови.Тие се одразуваат на квалитетот на превозот, претставуваат фактор на проблематизирано живеење и се околност на парализа на туристички активности. Поради тоа, општината чини напори да се санираат вакви појави. Проекцијата на туристичките активности подразбира приоритетно подобрување на квалитетот на превоз, во вакви услови, затоа што туризмот е во директна зависност од него. Тоа е посебно важно за оваа општина со оглед на тоа дека зимскиот туризам е со нагласено зголемување на туристичката посета. Затоа услугите во превозот од страна на Локалната самоуправа се во тесна врска со туризмот.

Во поглед на карактеристиките на користењето на превозните средства треба да се констатира дека совпаѓа со оние услови кои ги имаат и општините во Пелагонискиот плански регион. Квалитетот на превозните средства во патниот сообраќај во општината можеме да го набљудуваме и од гледна точка на јавен линиски превоз и специјализиран туристички превоз. Ваквиот пристап произлегува од фактот што и едната и другата форма се вклучени во комуникативноста но имаат забележителни недостатоци. Во општината нема јавен линиски превоз во форма на јавно претпријатија. Него го реализира приватниот сектор.. Меѓутоа, што се однесува до квалитетот карактеристика е застарениот возен парк. Тој заостанува во однос на современите тенденции во оваа област. Сообраќајните средства кои се користат наменски и вонлиниски имаат релативно подобар квалитет, меѓутоа и во овој поглед можно е унапредување. Тоа посебно се однесува на областа на примената на европските стандарди во превозот на туристи.

Сигнализацијата и опременоста во јавниот превоз има простор за унапредување. Тоа посебно се однесува во лоцирањето на постојки во јавниот превоз, јавното паркирање и гаражирање и означување на времето на пристигнување и поаѓање на средствата на превоз.

Скудноста на паркинг простор претставува универзален комунален проблем на општината. Но, тој исто така се одразува и на пристигнувањето на туристите со индивидуални превозни средства. Имено, туристите се среќаваат со проблем на обезбедување на возилата за време на престојот. Транспортните услуги во Општината се реализираат преку деловни субјекти - приватни превозници. Како проблем се јавува превозот на линијата Маврови Анови-с.Маврово,односно Ски центарот Заре Лазарески,

како и превозот кон Галичник, планинските врвови Кораб, селата по долното течение на реката Радика, Лазарополе, Тресонче. Единствениот превозен капацитет се такси превозниците кои во услови кога општината нема организиран систем на општински јавен превоз воспоставуваат свои услови, како во ценовниот систем, така во поглед на квалитетот на услугите.

## 3.3 Проценка на вредноста на природните туристички атрактивности

Природната атрактивна основа за развој на туризмот во Општината Маврово и Ростуше е карактеристична по широката застапеност, разновидност нагласено ниво на можности за доживувања на посетителите. Ова богатство на природни туристички вредности претставува значаен показателна проткаеноста на туристичките можности. Се работи за општина со најзаштитена географска средина, бидејќи најголем дел од националниот парк Маврово се карактеризира со изразито богатство на геоморфолошки, климатогени, хидрографски, биогеографски и пејзажни туристички вредности. Тие меѓусебно се поврзани како елементи на животната средина, така што зависат едни од други, а во исто време ги збогатуваат во туристички атрактивна смисла. Тие и сами по себе претставуваат основа на туристичкиот развој. Тие треба да се диференцираат врз основа на нивната вклученост во туристичката понуда. Вклученоста се определува како дел од општата застапеност во настапот на туристичкиот пазар и селективно во определени туристички производи.

### *3.3.1 Геоморфолошки вредности*

Геоморфолошките вредности се во тесна врска геолошката и геотектонската основа на просторот. Овој простор припаѓа на Западно-македонскиот младоверижен систем. Карактеристичен е по застапеноста на магматски, метаморфни и седиментни карпи од палеозојска до квартарна старост. Со тектонските процеси на алпската орогенеза е формиран макрорелјефот со највисоко издигната релјефна структура во Р.Македонија. Квартарните седименти како морени, бигор,бречи, сипари, плавини и алувиум се плод на егзогените ерозивно-акумулативни процеси. Ова богатство се огледува како по бројноста на застапените форми, така и по нивната хетерогеност. Под влијание на ендогените и егзогените сили, во овој простор се создадени мошне интересни релјефни форми, кои ги привлекуваат туристите. Тектонските процеси и ерозивно - акумулативните појави од геолошката историја условиле богатство на подземни и површински форми, кои со своето

атрактивно дејство го задржуваат вниманието на туристите, или претставуваат значаен туристички потенцијал.

Од *површинските релјефни облици* посебно место во туризмот во регионот заземаат следните:

-планините, котлините,превалци и клисурите и кањоните, цирковите и валовите

Од *подземните релјефни облици*, како туристичка вредност внимание заслужуваат пештерите и пропастите.

**-Планините** во општината Маврово и Ростуше се најмаркантните макрорелјефни форми. Тие треба да се означат како комплексни туристички атрактивности.

Пример за тоа е ***планината Кораб.*** Таа се наоѓа југозападно од Шар Планина и западно од реката Радика и спаѓа во редот на најатрактивните планини во Р.Македонија. На неа се наоѓа највисокиот планински врв во Република Македонија, Голем Кораб (2.764 м.). До овој врв може да се стигне преку следниве правци:

- еден од овие патишта води по долината на реката Радика и селото Жировница до врвот Плоча (2.338 м.);

- друг правец е од Нистрово преку Жужње до локалитетот Шиловерте. Овој локалитет е оценет како мошне атрактивен, бидејќи од него се протега прекрасна и воспитувачка глетка кон долината на Радика и долината на Длабока Река.

Врвот Голем Кораб не е атрактивен само поради тоа што од него се протегаат извонредни видици. Со оглед на тоа што тој претставува највисок врв на просторот на Република Македонија поседува и куриозитетно - атрактивно својство.

Слика бр. 4 – Голем Кораб




*Извор: https://zelenaberza.com.mk/korab/*

На планината Кораб постојат погодни терени за трасирање на скијачки патеки. Тие се со најголема вредност во локалитетот Шиловерте. Вкупната денивелација на овие патеки изнесува 4.200 метри ( А. Стојмилов 1974 )

Оваа планина по повеќе елементи од географската средина се разликува од другите планини во Република Македонија и според тоа претставува можност да се согледаат сите специфичности од страна на посетителите. Подобрувањето на сообраќајната поврзаност е еден од значајните фактори кои ќе овозможат Кораб да се вклучи во туристичката понуда на општината Маврово и Ростуше, регионот и Р.Македонија.

Туристичката вредност на овој простор е содржана во фактот дека Кораб не е изолирана планина туку дека претставува корабскиот масив, во кој влегуваат и Дешат и Крчин. Границата меѓу овие планини тешко може да се определи. Тоа значи дека се работи за комплексна туристичка понуда на трите планини заедно.

***Планината Дешат*** се наоѓа јужно од планината Кораб. Таа се потегот од истоимениот високопланински превој Дешат (1,950 m) на север и долината на Жировничката односно Валавичката река. На југ таа се протега до превалецот Сува Бара (2,065 m), и долината на Требешка река во должина од 7 km.Тоа е и условната граница кон планината Крчин на југ.Највисок врв е Вели Вар (2,372). Покрај овој највисок врв на оваа планина има уште 6 врвови повисоки од 2 000 м. Тоа е поволна можност за алпинизам. На исток оваа планина се протега до десната долинска страна на реката Радика. Со тоа туристичката вредност на планината е збогатена со геоморфолошка комплементарност.

***Планината Крчин*** претставува јужно продолжение на планината Дешат. Оваа планина се протега од споменатиот превал Сува Бара (2 065) на север, до дното на Дебарската Котлина на југ, со должина од 13 km. Над планинското било се издигаат неколку врвови со височина од над 2,000 m меѓу кои позначајни се: Голем Крчин (2,341 m), Мал Крчин (2,174 m), Рудина (2,238 m) и Црвена Плоча (2,107 m).

***Планината Бистра*** се наоѓа северно од долината на реката Треска и Мала Река кои ја одделуваат од планините Стогово и Караорман. Со долината на реката Радика таа е одвоена од корабскиот планински масив. Кораб и Дешат на запад. На исток, оваа планина се граничи со Кичевската Котлина, а на север со Мавровската Висорамнина.

Добрата комуникативност овозможува посетеност, не само од поблиските центри какви што се Гостивар, Кичево и Дебар, туку и од Скопје и другите поголеми градови во Република Македонија. На туристичкиот развој на Бистра во прилог му одат природните и антропогените карактеристики.

За разлика од Кораб и Дешат , оваа планина е нешто пониска. Највисок врв на оваа планина е врвот Меденица (2.163 м.). Меѓутоа, сепак има поволни услови за развој на туризмот.

Вкупната површина на планината Бистра изнесува 572 километри квадратни. На височините над 1.000 метри се наоѓа површина од 483 километри квадратни, над 1.300 метри 363,6 километри квадратни, над 1.500 метри 255,4 километри квадратни и над 2.000 метри само 4,8 километри квадратни. Врвови со надморска височина од над 2.000 метри на оваа планина има вкупно 12. Најголем број на врвови или вкупно 84 наоѓаат меѓу височините од 1.500 до 2.000 метри. Карактеристично е дека врвовите на Бистра се лесно достапни и можат да се совладаат без посебни напори. Тоа значи дека таа е погодна за планинарење и прошетки.

Страните на оваа планина се карактеристични по можностите за трасирање на скијачки патеки. Врз основа на истражувањата на Александар Стојмилов, на неа можат да се трасираат патеки со вкупна денивелација од 7.200 метри. Погодни терени за зимско-спортски активности се наоѓаат помеѓу врвот Чавкарник (1.760 м.) и село Маврово, од врвот Сандактуш (1.983 м.) спрема село Никифорово, од месноста Крстови (1.700 м.) кон село Беличица (1.360 м.) и Кичиница (1.400 м.), од врвот Русинбрдо (1.940 м.) кон Бардош (1.400 м.) и помеѓу котата 1.762 м., источно од Лазарополе и ова село на надморска височина од 1.300 м.

**-Глацијацијата** е плод на високопланинскиот релјеф. Тоа се јавува на планините високи над 2 000 м. Во општината е присутна на Кораб, Дешат и определени делови на Бистра. На Бистра се присутни и траги на глацијален релјеф, кој е најдобро сочуван на Чаушица и на Меденица. На Чаушица постојат три цирка на височини од 1.900 до 2.000 метри. Од геоморфолошките форми на Кораб кои ги привлекуваат туристите, треба да се истакнат бројните циркови. Тие се плод на глацијацијата со која во дилувиумот биле зафатени највисоките врвови на оваа планина. Појавите на циркови, валови и моренски нанос се атрактивни како реткост во туристичка смисла. Исто така, тие се добра основа за презентација пред научната јавност, студентите и учениците, што значи дека има едукативна вредност.

**-Превалците** во општината, односно во овој дисециран простор овозможуваат проодност. Од туристичка гледна точка станува збор за погодни места за одмор при планинарските и алпинистичките активности. Според податоците на Националниот Парк Маврово„ во овој простор вкупно се регистрирани 23 високопланински превалци преку кои паркот се поврзува со непосредната околина. Тука се наоѓаат највисоките високопланински превалци во Република Македонија, како: Голема Корабска Врата (2,063 m) која меѓу себе ги дели северниот и средишниот дел на планината Кораб, Мала Корабска Врата (2,465 m) која меѓу себе ги дели врвовите Голем Кораб на север и Мал Кораб на југ, Дешат (2,020m) кој меѓу себе ги дели планините Кораб на север и Дешат на југ, Света Недела, Сува Бара (2,065m) која меѓу себе ги дели планините Дешат на север и Крчин на југ. Високопланинскиот превалец Јама (1,507m), меѓу себе ги дели планините Бистра на север и Стогово на југ и превојот Влаиница (1,272 m) кој меѓу себе ги дели Шар Планина на север и планината Бистра на југ. Низ планинскиот превој Влаиница е изграден магистралниот пат Скопје-Маврови Анови-Дебар преку кој се поврзуваат Полошката Котлина на север и Мавровската Котлина и долината на реката Радика на југ, односно на југо-запад.“

**-Клисурите кањоните** се карактеристични геоморфолошки флувијални форми во општината Маврово и Ростуше. Нивните туристички вредности се содржани во комуникативните и атрактивните својства:

*Комуникативните својства* на клисурите и кањоните произлегуваат оттука што тие претставуваат природна предиспозиција за поврзување на котлинските простори, односно поврзување на планинските и котлинските целини во рамките на општината. Затоа голем број патишта во регионот се протегаат низ овие морфолошки форми.

*Атрактивните својства* се содржани во нивната *куриозитетност и естетичност.* За клисурите во овој простор треба да се каже дека пленат со својата реткост, необичност и импозантност. Клисурите се лоцирани во специфични географски средини, во кои водените токови успеале, по пат на ерозија, да го всечат своето корито длабоко во карпестите терени. Кај туристите восхит побудува неверојатноста на творечкото дејство на природата во процесот на флувијалната ерозија. Во таа смисла кањоните и клисурите се необични. Нивната импозантност произлегува од високите и стрмни страни, кои се посебно нагласени во кањоните тие се погодни за искачување, за тренинзи и натпреварувања.

*Естетските својства* на клисурите се огледаат во извонредниот склад на линии и форми. Тие често коинцидираат со убавината на боите, кои ги содржи водениот и вегетативниот декор, снежната белина,колоритот на вегетативноста на пределите на општината Маврово и Ростуше. Пејзажите се различни во зависност од годишното време што им овозможува на туристите пријатни доживувања во текот на целата година.

Ваквите вредности овозможуваат туристите да патуваат низ убави и интересни предели, а поради убавината и посебноста, да се задржат во овој простор. Но, исто така треба да се каже дека должината на престојот во овие простори не е голема и дека се работи за туристичка вредност која најчесто се користи на минување.

Слика бр. 5 – Клисура на Радика



*Извор: https://i2.wp.com/expres.mk/wp-content/uploads/2017/08/radika1.jpg*

Затапеноста и карактеристиките на клисурите и кањоните во националниот парк се дадени од страна на оваа институција. „Во Националниот Парк Маврово вкупно се констатирани 16 кањонски долини и кањони. Тие се јавуваат на местата каде што речните долини се длабоко всечени во цврстите карпести маси, кои попречно го сечат теренот. Помеѓу нив, кањонот Барич на реката Радика е најдолг (9 km) со височина на страните од 300 -350 m.Потоа следуваат кањоните:Торбешки Мост на реката Радика со должина од 2.5 km и височина на страните од 200-300 m, кањонот на Аџина Река со должина од 2 km и височина на страните од 150-300 m, Нистровскиот кањон на Длабока Река, со должина од 2 km и височина на страните од 250-300 m,кањоните Стрезимир и Состав Река и двата на реката Радика, со должина од по 1.5 km и височина на страните од 100-300 m,Тресонечкиот кањон на Тресонечка Река со должина од 1.3 km и Танушајскиот кањон на реката Рибница со должина од 1.2 km. Останатите осум кањони се со должина помала од 1 километар.

**-Карстните структури** се плод на геолошката градба и хемиските ерозивни и акумулациони процеси. Голем дел од планината Бистра е составен од палеозојски и тријаски варовници. Оваа геолошка градба овозможува развој на карстни процеси. На овој простор се јавуваат седум карстни полиња и тоа: Тони вода, Суво Поле, Султаница, Саломуница, Чукнитапаница и Горно и Долно Полце. Застапеноста на карстната структура на овој простор е уникатна. Овие карстни форми поседуваат туристички едукативни атрактивни својства, што значи дека се погодни за организирање школи во природа и студентски и ученички екскурзии. Меѓутоа, тие претставуваат и погодни терени за трасирање на патеки за нордиски дисциплини.

***Пештерите*** се карстните форми со најатрактивни вредности. Атрактивноста на пештерите е содржана во тоа што тие претставуваат реткост во смисла на нивна лоцираност во географската средина и што ретко кога туристот може да се најде во ситуација да биде под земјата и да се восхитува во творештвото на природата. Пештерскиот накит како сталактитите и сталагмитите често наликуваат на скулптури, создадени од природата како вајар.

*Пештерата Алилица* е особено значајна пештера се наоѓа на планината Бистра, во горниот дел од десната долинска страна на Тресонечка Река (1.510 м. надморска висина). Таа се состои од два дела - Долна и Горна Алилица, поврзани со вертикален и кос канал. Долна Алилица, во која има постојан водотек, има должина од 464 метри. Вкупната должина на каналите во Алилица изнесува 590 метри. Ваквите параметри упатуваат на релативно солидни капацитети. Од редот на значајни пештери на просторот на оваа општина е и Калина Дупка.

*Калина Дупка* е исто така на планината Бистра во близина на Лазарополе. Се состои од еден меандерски канал со должина од околу 300 м. Во нејзиниот почетен дел истражувана е рецентната пештерска фауна, при што е пронајден ендемски претставник Troglophilus Lazaropolensis.

*Пештерата Шаркова Дупка* се наоѓа во атарот на село Маврово (општина Маврово-Ростуше), во рамките на Националниот парк „Маврово“ и во близина на зимскиот туристички центар Маврово. Влезот на пештерата е во село Маврово.

Слика бр. 6 – Шаркова Дупка



*Извор: https://upload.wikimedia.org/wikipedia/commons/9/91/Шаркова_Дупка_*

*Спелеолошки одлики:* Во геотектонски поглед пештерата се наоѓа во Западно македонската зона. Пештерските канали се распоредени на две нивоа и пештерата претставува разгранета пештера. Влезниот дел е претставен со вертикала која продолжува во главната пештерска сала чија должина е околу 25 m, а широчина околу 18 m . Од пештерските украси доминантно се застапени украси формирани од вода што тече или капе (сталактити, сталагмити, пештерски столбови, драперии, сливови) и басенски седименти. Нивната боја е бела и црвенкасто-кафеава.

### *3.3.2 Климатски вредности*

На климата на територијата на Општината Маврово и Ростуша делуваат бројни фактори. Меѓу нив посебно место зазема географската. Таа се наоѓа на границата меѓу континенталните и средоземноморските влијанија. Припаѓа на континентален појас, а Јадранското Море има определено медитеранско, маритимно влијание што ја модифицира на умерено - континенталната клима. Тоа ги катализира екстремните вредности на континенталните климатски елементи. Поради тоа климата позитивно се одразува врз туристичкиот престој.Тоа подразбира дека се работи за туристичка атрактивна вредност.

Карактеристики во овој расчленет простор кој се определува како високопланински и долинскиот релјеф условува различни климатски прилики и во самата општина. Таа се јавува како изразито алпска во планинските делови. Во долинскиот простор посебно во долината на Радика, која се надоврзува на долината на Дрн Дрим во Албанија до Јадранското Море, климата е поумерена.

Надморската височина во овој простор не само што делува врз влијанијата на одредени климатски особини, туку претставува причина, на овој простор да се издвои посебен климатски тип, кој во најголема мерка е одреден со овој фактор. Тоа е планинската клима. Карактеристично е дека со зголемувањето на надморската висина, опаѓа температурата на воздухот. Температурниот градиент во наши услови изнесува од 0,$^{0}$C, до1,0°C на секои 100 метри надморска височина. Температурните амплитуди не се посебно нагласени. Тоа во туристичка смисла треба да се подвлече како погодност. Погодност за туристички развој претставува и тоа што со зголемувањето на надморската височина се зголемува и бројот на врнежи од снег. Траењето на снежниот покрив претставува основен параметар за одредување на можностите за зимско - спортски активности во овие планински простори.

Во повисоките планински делови климата е со изразити алпски особини. Тоа е основа за адреналински туристички активности. Вакви услови се јавуваат деловите од општината каде што надморската висина е поголема од 2000 м. Се одликува со зголемен број на врнежливи денови на снег во текот на годината. Ова позитивно се одразува на развојот на скијањето и останатите спортови на снег.

Вредностите на климатските елементи се мери во метеоролошките пунктови Лазарополе и Маврови Анови. Во овие два пункта вредностите се слични.

Температурата на воздухот претставува показател кој укажува на погодностите за туристичка активност, бидејќи ја изразува топлотната состојба на овој простор. Оваа состојба се одразува преку вредностите на температурата на воздухот во текот на денот низ целогодишниот период.

За туризмот се значајни показателите кои ги изразуваат просечно годишните и просечно месечните температури на воздухот. Екстремните вредности на температурата на воздухот треба да се искористат за оцртување на температурните амплитуди. Температурата на воздухот претставува показател кој укажува на погодностите за туристичка активност, бидејќи ја изразува топлотната состојба на некој простор. Оваа состојба се одразува преку вредностите на температурата на воздухот во текот на денот и годината. За туризмот се значајни показателите кои ги изразуваат просечно годишните и просечно месечните температури на воздухот. Екстремните вредности на температурата на воздухот треба да се искористат за оцртување на температурните амплитуди.

Просечните месечни и годишни температури во Лазарополе се дадени во

таб. бр.3.

Табела бр. 3 - Просечните месечни и годишни температури во Лазарополе

| Мерен пункт | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | Год |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Лазарополе | -2.3 | -1.3 | 1.2 | 5.3 | 10.2 | 13.7 | 15.9 | 15.7 | 12.1 | 7.6 | 3.7 | -0.1 | 6.8 |

Средната годишна температура изнесува 6,8°C. Најстудени месеци се јануари -2,3°Си февруари -1,3°C, а најтопли се јули 15.9°C и август 15,7°C. Во последните пет години дошло до зголемување на средногодишната и средно месечните температури но тие не

бележат забележителни отстапувања кои би делување негативно врз туристичкиот промет.

Врнежите претставуваат климатски елемент, кој има значајно влијание врз туризмот во одредена географска средина. Нивното релативно отсуство претставува позитивна вредност за одвивање на активности на сончање или капење на Мавровското Езеро. За разлика од тоа, од големо значење е појавата на снежни врнежи, како основен услов за создавање снежен покрив. Тој обезбедува можности за одвивање на зимско - спортски туристички активности. На планината Бистра висината на снежната покривка од најмалку 15 см. во текот на годината се задржува околу 150 дена, што значи дека сезоната на одвивање на зимско - спортските активности изнесува 5 месеци. На определени делови од општината Маврово и Ростуше снегот трае и 166 дена годишно, значи половина од годината. Ваквите показатели укажуваат на траењето на зимската туристичка сезона на планините.  Инсолацијата или траењето на сончевиот сјај претставува таков климатски елемент, кој делува на голем број рекреативни туристички активности.

Затоа висината на врнежите, како туристичка вредност, треба да се анализира врз основа на активностите кои можат да се одвиваат во географската средина, главно според сезонскиот критериум. Тие се дадени во табела бр. 4.

Табела бр. 4 - Просечно месечни и годишни врнежи

| **Пункт** | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | Год |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Лазарополе** | 103.7 | 103.3 | 93.1 | 84.4 | 90.9 | 57.6 | 41.9 | 45.1 | 73.3 | 104.2 | 140.4 | 124.2 | 1059.0 |

Меѓу активностите кои директно зависат од овој климатски елемент посебно место зазема активноста на сончање, било да се работи за активност која се одвива во планинскиот или котлинскиот простор.

Во таб. бр. 5 се дадени овие вредности.

Табела бр. 5 - Инсолација во часови

| Мер. пункт | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | Год |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Лазарополе | 101 | 104 | 138 | 158 | 198 | 229 | 292 | 280 | 222 | 175 | 109 | 92 | 2.098 |

Вредноста на должината на траењето на сончевиот сјај е нагласена во оваа општина. Планинските туристички локалитети. Така во Лазарополе траењето на сончевиот

сјај изнесува 2.098 часови, што овозможува пријатен престој во овој планинскиот простор. Најдолга инсолација во овој мерен пункт е во јули (292 часа) и во август (280 часови). Траењето на сончевиот сјај има погодни карактеристики за туристичка активност и во зимскиот дел од годината. Посебно се значајни вредностите на инсолацијата во планинскиот простор. Овде снежниот покрив и сонцето овозможуваат активности на сончање и во зимскиот дел од годината, кои се комбинирани со зимско-спортски активности. Должината на траењето на сончевиот сјај во Лазарополе изнесуав: во декември 92 часа, јануари 101 час и февруари 104 часови. Овие вредности се меѓу највисоките поголема вредности на инсолацијата во овие месеци во Република Македонија.

Влажноста на воздухот е во границите на оптималните вредности во текот на целата година. Тоа е дадено во таб. бр. 6.

Табела бр. 6. Просечна релативна влажност на воздухот во %

| Мер. пункт | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | Год |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Лазарополе | 81 | 77 | 74 | 72 | 71 | 68 | 67 | 66 | 73 | 76 | 82 | 77 | 74 |

Од вредностите во табелата се гледа дека средата годишна вредност изнесува 74%. Овие вредности имаат изразито позитивно значење во здравствена смисла.

Ветровите се фактор кој делува врз општите климатски услови во општината Маврово и Ростуше. Ветровите на Бистра различно се јавуваат. Нивната зачестеност се зголемува со височината. Еден од силните ветрови кој дува на оваа планина се нарекува „Фрчец“. Тој негативно се одразува врз туристичкиот престој.

Овде се јавуваат дневни и ноќни ветрови. Со најголема зачестеност се оние од западен и северозападен правец. Тие немаат секогаш негативно влијание. Најчесто се јавуваат како катализатор на климатските прилики и фактор на прочистување на воздухот во географската средина, имаат позитивно значење на престојот на туристите. Освен што го прочистуваат воздухот, во летниот дел од годината ја намалуваат и температурата на воздухот, со што многу позитивно се одразуваат врз туристичкиот престој. Тоа може да се оцени како значајна вредност во рекреативна смисла. Топлите воздушни струења можат негативно да се одразат врз висината на снежната покривка. Та делува на траењето на сезоната на скијачки активности. Меѓутоа, вкупниот ефект од влијанието на топлите ветрови позитивно се одразува врз туристичките активности.

### *3.3.3 Хидрографски туристички вредности*

Водата претставува еден од најзначајните елементи во географската средина општината Маврово и Ростуше. Таа во голема мерка делува врз туристичкиот развој. Како туристички атрактивности хидрографските вредности ги содржат својства на водените објекти со содржани можности за рекреативни активности. Тие ја изразуваат убавината на просторот како животна средина на општината. Таму дава живот и разновидност. Појави во овој простор какви што водопадите, слаповите и изворите се ретки и несекојдневни. Нивната туристичка вредност има културен и едукативен карактер.

**Езерата** се посебна атрактивност на овој простор.Во Општина Маврово и Ростуше основен, хидрографски атрактивен ресурс е ***Мавровското Езеро*** . Тоа претставува едно од најголемите вештачки езера во Република Македонија. Површината на езерото изнесува 13,7 км$^2$. Лоцирано е во Мавровската Котлина, која е опколена со планинските страни на Бистра, Ничпурската Планина и Буковиќ. Оваа акумулација опфаќа повеќе водени текови, како Мавровска, Никифоровска и Леуновска река кои се дел од сливот на реката Радика. Најголемата длабочина на езерото изнесува 48 метри. Надморската висина на езерото е 1.233 метри. И покрај вака големата надморска висина, температурата на водата во летните месеци е релативно поволна за одвивање на капалишни туристички активности. Температурата на водата во површинскиот слој во јули изнесува 22,5°C, а во август 21,5°C.Тоа значи дека во овој период од годината постојат извонредни услови за летување на Мавровското Езеро.

**Глацијални езера** се посебна туристичка вредност во општината Маврово и Ростуше. Тие се сами по себе атрактивност, но и фактор на разубавување на просторот. Глацијалните езера претставуваат реткост во географската средина. бидејќи нивната генеза е сврзана со специфични морфолошки и климатогени услови. Со оглед на застапеноста на високиот планински релјеф треба да се констатира дека глацијацијата е од широки размери. Најголема застапеност е забележана на планината Кораб, што е и разбирливо со оглед на висинските карактеристики. На оваа планина се лоцирани следниве езера: Корабско, Мал Кораб, Бачилски Камен, Средно и Долно Езеро Бабин Камен и две езера Кобилино Поле. На Дешат се наоѓаат езерата Света Недела и Горно и Долно Езеро.( Д.Василески 1995)

На овој простор постојат и повеќе извори. Со голема штедрост се карактеризираат следните извори: Бела Вода, кај селото Јанче (130 л/сек.), Главино Село, крај Лазарополе (110 л/сек.), Бразача, кај селото Маврово (110 л/сек.), Беличкиот извор кај село Беличица

(100 л/сек.) и Стража кај село Лазарополе (100 л/сек.) Освен тоа, изворот Шарен Пејко, кој се смета за најстуден извор, температурата на неговата вода изнесува 4,2°C, претставува посебен туристички куриозитет. За посебност во географскиот простор треба да се смета и изворот на Машката Вода, за кој се врзуваат чудотворни карактеристики.

**Реките** во општината Маврово и Ростуше туристичка атрактивност од посебно значење за туризмот. Основна хидрографска артерија општината е реката Радика која од своето извориште под Шар Планина, која е дел на долната сливна површина на Црн Дрим. Таа се влева во Дебарското Езеро, како дел од Јадранскиот воден слив.

Таа е брза планинска река, во која се влеваат притоки, чиј просечен природен пад е доста голем. Така, додека коритото на Црн Дрим изнесува $4^{0}\%$, Радика има просечен пад од 26 промили. Реката Радика има голем број помали притоки од двете свои страни. Тие се исто така брзи планински реки. На пример Жировничката Река има и до 150 промили природен пад. Извориштата на овие мали реки се наоѓаат на апсолутна височина од 1.640 до 2.250 метри. Ваквите брзи рекички се мошне погодни за прошетки покрај нив.

Мала Река е лева притока на реката Радика. Таа извира од југозападните падини на планината Бистра, каде што е оформена од реките Јадовска и Тресонечка. После нивното спојување, десната притока, реката Росоки, се влева во Мала Река. Околу 2 km пред нејзиниот влив во реката Радика, се вклучува левата притока Гарска Река, која извира од планината Стогово.

Кораб има мошне развиена хидрографска мрежа. Низ нејзините страни се спуштаат планински реки кон Радика. Тие се доста импресивни, така што го задржуваат вниманието на посетителите. Меѓу реките, најдолга и најбогата со вода е Длабока Река, чиј извор е на 2.600 метри.

Водите на реката Радика во текот на целиот период припаѓаат на прва категорија, во својот горен и среден тек, додека водите на Радика после селото Ростуше до Дебарското Езеро се класифицирани во втора категорија. Тоа значи дека е неопходно да се унапредува заштитата на водите во функција на туризмот. Посебно е интересен текот на Радика, бидејќи тече низ живописна клисура, богата со разновиден растителен свет. Таа е богата и со риби, кои се користат за риболовни туристички активности.

**Водопадите и слаповите** се вистинска туристичка атракција. Во општината се јавуваат пресечени корита низ кои се јавуваат атрактивни водопади. Низ корабските страни се спуштаат импресивни водотеци, рекички и потоци создавајќи прекрасни водопади. Тие претставуваат значаен туристички потенцијална општината .

*Водопадот Дуф* се наоѓа во коритото на Ростушка река во близината на селото Ростуше на падините на планината Крчин. Висината на водопадот изнесува 23,5 м. Водата се судрува во вдлабнатина во вид на џиновски лонец. Тој има вода во текот на целата година, а најголемо количество бележи во пролетните месеци кога доаѓа до потопување на снегот и мразот.

*Корабскиот водопад* е познат и како Пројфелски водопад се наоѓа во горниот тек на Длабока река. Неговата висина е околу 100 м . во зависност од точките кои се земаат како параметри. Овој податок е земен според денивелацијата. Горната точка на водопадот се наоѓа на надморска височина од околу 2.050 м, а долната е на надморска висина од околу 1.950 м. Водопадот се појавува со топењето на снегот на пролет. Најголем интензитет има кон крајот на мај и почеток на јуни, а понатаму во текот на летото, губи од својата јачина. Крајот на летото и почетокот на есента, водата само се лизга по карпите, а во сушни години комплетно пресушува.(mkdmount.org .) Пресушувањето ја намалува туристичката вредност на водопадот, но сепак се работи за посебна атрактивност во овој простор од гледна точка на неговата реткост, убавина и можност за едукативни активности.

Во поголемиот кањон на Тресонечка Река, кој се протега на потегот од Обесен Извор до утоката на водите од карстниот извор Три Извори, се наоѓа Билјаниниот Слап, најголем во Република Македонија и на Балканскиот Полуостров. Него сочинуваат 12 вертикални отсеци или „џиновски лонци.“ Ова е ретка појава во Р.Македонија. Токму затоа заслужува посебно внимание.

### *3.3.4 Биодиверзитетот како туристичка вредност*

Растителниот свет во општината Маврово и Ростуше се карактеризира со мошне голема разновидност и специфична територијална разместеност. На нашиот простор застапени се растителни видови кои се карактеристични за медитеранската и евро - сибирската област. Една од најзначајните вредности на националниот парк Маврово претставуваат биогеографските елементи на географската средина. Растителниот свет е мошне богат и разновиден. Во паркот се среќаваат 80 видови дрвја, што е 30% од сите дрвја што растат во Република Македонија.

Распоредот на вегетацијата можеме да го класификуваме во следните висински зони:

- висинска зона од 600 до 1.000 метри. Тоа е појасот на дабот;

- висинска зона од 1.000 до 1.500 метри. Со оглед дека се работи за висинска зона во која се лоцирани населби, тука се наоѓаат земјоделски површини и каде се јавува букова шумска вегетација;

- висинска зона од 1.500 до 2.000 метри претставува зона во која се протега горната граница на шумскиот појас;

- висинска зона од 2.000 до 2.500 метри се карактеризира со тоа што тревната вегетација е претставена како планински систем и пасишта и

- висинска зона над 2.500 метри, во која снежниот покрив се задржува преку целата година.

Во рамките на општината Маврово и Ростуше, посебно на Бистра, се застапени комплекси на четинари. Тие се наоѓаат главно во нејзиниот северозападен дел, во клисурата на Мавровска Река, над село Волковија и на Сенечка Планина.

На Сенечка Планина се наоѓа една просторна целина во која е сочувана автентичната природа. Тоа е четинарскиот шумски простор Остров. Оваа шума е доста непристапна, така што и оттука претставува елемент во географската средина на кој најмало влијание имал човекот. Затоа Остров има големо еколошко и ботаничко значење, и во тој контекст и голема туристичка и едукативна вредност.

Еловата шума во близина на село Волковија се карактеризира со мошне нагласена убавина. Волковата елова шума е најстара елова шума на просторот на Македонија. Тоа значи дека покрај убавината и рекреативните карактеристики на оваа шума, таа поседува и куриозитетни туристички својства како посебност во овој географски простор. Таа се среќава од најдолната до најгорната граница на своето висинско протегање.

На делот од Беличка Река до Мавровското Езеро, на површина од 12 км. се наоѓа елово - букова шума. Заради близината на езерото и достапноста, оваа шума има особено туристичко значење. Тоа значење се однесува како на естетските, така и на рекреативните својства на шумскиот покрив на овој простор. Во зоната на тревната вегетација се среќаваат бројни планински цветови и плодови кои овозможуваат хербални туристички активности и пријатни прошетки.

Овој простор поседува и некои реликти и ендеми кои не се застапени на другите планини во Република Македонија. Такви се следните:

- дивиот костен;

- ежовец - полугрмушесто растение;

- истарски звоник - повеќегодишно зелено растение и

-шарската каменоломка - повеќегодишно зелено растение, кое расте во пукнатините на варовничките карпи и има многу убав бел цвет.

Живописниот свет е мошне богат, а застапен е како високиот дивеч, така и нискиот и пернатиот дивеч. Во рамките општината оградено е и уредено специјално ловиште. Тоа е ловиштето Брезовец, за кое се смета дека е најуредено во Република Македонија. Во ова ловиште се наоѓаат објекти кои овозможуваат размножување на дивечот од една страна, како и вистинско уживање на ловењето од друга страна.

Во повеќето реки се јавуваат интересни примероци на риби, што овозможуваат риболовни активности. Само на Бистра за оваа намена се диференцирани три риболовни подрачја: Мавровско Езеро, реката Радика, Мала Река со Гарска Река.

### 3.4 Проценка на вредноста на културните туристички атрактивни

Културните туристички атрактивности имаат значајно место во овој регион и посебно во општината Маврово и Ростуше. Тие се од сакрален и профан карактер.

За туристичките посетители мошне привлечен е манастирот Св. Јован Бигорски. Покрај културно - просветното, овој манастир има големо историско и уметничко значење. Неговата знаменитост е потенцирана со фактот дека е основан во 1020 година, а естетичноста со прекрасните творби кои ги содржи ентериерот од овој културно - историски споменик.

Слика Бр. 7 – Манастир Св. Јован Бигорски



*Извор: http://www.mttravel.mk/sv-jovan-bigorski*

На подрачјето на националниот парк Маврово скоро секое село имало црква од раниот среден век. Покрај тоа, внимание заслужува мостот Елен Скок на Мала Река, преку кој се остварува пешачка врска помеѓу главниот пат од Лазарополе и селата од десната страна на Мала Река.

Бројни се и спомениците и спомен - обележјата од поновата историја. Споменикот во Трница и споменикот во Лопушник во чест на Кочо Рацин се најзначајните споменици, а внимание привлекуваат и спомениците во Маврово, Лазарополе и Галичник.

Во село Битуше постои музеј на Првата илегална печатница од НОВ. Овде се печатени првите македонски весници, како “Народен Весник”, “Млад Борец” и “Нова Македонија”.

Архитектонското наследство на овој простор ја презентира типичната македонска архитектура. Таа е најпластично остварена во селото Галичник, Лазарополе и Јанче.

Етнографските туристички вредности на овој простор се нагласени како ретко каде на просторот на Македонија. Овде не само што куќите се одликуваат со својата специфична архитектура, туку и целите населби претставуваат жива историја на поранешниот живот во економска, социјална, политичко - општествена и културна смисла.

Куќите, гледано поединечно, претставуваат драгоцени документи за станбената култура, начинот и организацијата на семејниот живот.

Угостителството во општината Маврово и Ростуше како потенцијал може да ги користи извонредните специјалитети. Тие се препознатливи по својот квалитет и по традиционалните етнографски атрактивни својства. Врз основа на овие вредности може да се констатира дека се работи за посебна гастрономска понуда. Таа треба да биде фактор кој ќе го унапреди угостителството.

Регистарот го содржи најзначајниот дел од јадењата на традиционалната кујна. Најзастапени се следниве: пресна погача, погача под сач, симит, мешан леб, пченкан леб, комат, зелник, пита,питулици, бакрдан, ѓомлезе, биено сирење, галички и корабски кашкавал , полнети пиперки, сарма од зелка, сарма од барено зеље, топеница, шеќер паре, баклава, кисело млако, чаеви и слично.

Како добра практика од овој вид е понудата во угостителскиот комплекс во с.Јанче, во кој се служат извонредни специјалитети. Чаевите, покрај конзумацијата во овој комплекс се и оригинален сувенир за посетителите, што може да се смета за иновативна форма на промоција.

Слична добра практика во традиционалната гастрономска понуда во автентичен амбиент претставува комплексот на манастирот Св. Јован Бигорски. Таа може да се добие во посебен угостителски објект како дел од комплексот.

Овие гастрономски специјалитети често ги подготвува и локалното население за во туризмот и угостителството и во креирањето на туристички производи. Тоа треба да се сфати како зародиш на поактивно вклучување на локалното население во туризмот и угостителството на општината Маврово и Ростуше.

Традиционалните занаети е препознатливо по копаничарството и градителството. Тоа е присутно во ентериерите и екстериерите. Посебна препознатливост има „Мијачката куќа“. Копаничарството е запазено во орнаментиката на сидовите, плафоните, но и опремата на домаќинствата. Градителското наследство е препознатливо по декорот и покривот, односно распоредот на собите и широките чардаци. И во овој поглед добра практика е реставрацијата на стари куќи, а анимациска вредност е огледното користење на калта како градежен материјал во село Јанче.

Манифестациските активности на просторот на општината се во тесна врска со етнографските квалитети на овој простор. Во тој контекст од големо туристичко значење е одржувањето на традиционалната и мошне атрактивна манифестација „Галичка Свадба“,

карактеристична по чувањето на традицијата, обичаите и раскошната носија. Слични карактеристики има „Долнореканската Свадба“. Се работи за редок спој на мултикултурни презентации во туристичка дестинација со меѓусебна почит.

## 3.5. Карактеристики на рецептивните фактори за развој на туризмот во општината

Карактеристиките на рецептивните фактори ги опфаќаат појавите и односите кои се од рецептивен карактер. Најчесто под рецептивност се подразбираат угостителските потенцијали како сместување и исхрана. Но, исто така е важно да се има во предвид комуналната сфера бидејќи развојот на туризмот не е можен без вакви показатели. Во поглед на просторните показатели битно е да се констатира дека тој може да претставува туристички потенцијал, во смисла на взаемно делување на различни фактори во општински рамки и надвор од нив.

### *3.5.1 Анализа на обемот на капацитетите во угостителството во општината и нивното учество во Р. Македонија и Полошкиот плански регион*

Оваа анализа ги опфаќа активните деловни субјекти и капацитети во хотелите и ресторанте, сместувачките капацитети и вработеноста во овие капацитети. Податоците кои се обработени во оваа анализа се дадени во посебни табели.

-**Идентификација на активните деловни субјекти** во општината Маврово и Ростуше е добиена врз основа на според макстат база на ДЗС на РМ. Таа го открива нивниот број во споредба со Полошкиот регион и Р. Македонија. Овие податоци се дадени во таб. бр. 7

Табела бр. 7 - Активни деловни субјекти во хотелите и рестораните

| Туристичка дестинација | Хотели и ресторани |
|---|---|
| **Република Македонија** | 3.938 |
| Полошки регион | 52 |
| Маврово и Ростуше | 26 |

*Извор: Активни деловни субјекти по сектори на дејност според макстат база на ДЗС на РМ*

Од податоците во табеларниот преглед број 7 може да се види дека во однос на бројот на активни деловни субјекти во општината Маврово и Ростуше е скромен. Таа учествува со само 0,66%, во вкупниот број на Р.Македонија. Тоа зборува дека скромното учествово Р. Македонија може да се надмине со преземање на мерки на подобрување на претприемништвото, интензивирање на процесот на концесионирање и субвенционирање на регистрацијата на нови деловни субјекти. Но, релативно високото учество на деловните субјекти на општината во Полошкиот плански регион значи дека таа сепак има водечка улога.

-**Анализата на капацитетите во угостителството** кои се однесуваат на **услуги на храна и пијалаци,** ги опфаќа обемот и учеството на овие објекти, седиштата и површините на објектите во општината Маврово и Ростуше, Полошкиот плански регион и Р. Македонија. Овие податоци се дадени во табела бр. 8.

Табела бр. 8 - Капацитети во угостителството(услуги на храна и пијалаци)

| | **ВКУПНО во РМ** | **Полошки регион** | **Маврово и Ростуше учество**<br>**Во Р.М. во ППР** |
|---|---|---|---|
| **Број на угостителски објекти** | 4383 | 1090 | 32 |
| **Угостителски објекти (%)** | 100,00% | 24.87% | 0.73% 2,9% |
| **Број на седишта** | 192.461 | 50748 | 1360 |
| **Број на седишта (%)** | 100,00% | 26.37% | 0.71%<br>2.7% |
| **Површина на објектите(м2)** | 339289 м$^2$ | 106091 м$^2$ | 2433 м$^2$ |
| **Површина на објектите (%)** | 100,00% | 31.27% | 1,92% 2,7% |

*Извор: Попис на капацитети во угостителството во Република Македонија, 2016, ДЗС на РМ*

Од табеларниот преглед може да се констатира дека во општината Маврово и Ростуше бројот на угостителски објекти изнесува 32 што претставува учество од само 0,73%, во вкупниот број јод 4 383 објекти во Р. Македонија. Кај Полошкиот плански регион бројот на угостителски објекти од овој вид изнесува 1090 тоа е24,8 % , што значи дека учеството на оваа општина и на ова ниво е релативно ниско. Релативно симболично е учеството на вакви објекти на општината во Полошкиот плански регион. Тоа изнесува само 2,9%. Ако бројот на објекти се спореди со бројот на деловни субјекти кои регистрирале ваква дејност, се гледа дека деловни субјекти имаат најмалку по еден објект кој што е вклучен во угостителската понуда. Веќе констатиравме дека тоа е основа за

потреба од активен однос во поглед на зголемување на бројот на угостителски објекти (објекти за исхрана и пијалаци) во општината.

Бројот на седишта покажува уште поголемо заостанување. Тој изнесува 4 219 седишта или само 1,9%од вкупниот број (192 461) во Р. Македонија. Учеството на општината во Полошкиот плански регион по овој основ е исто така симболично и изнесува 2,7%. Ова зборува дека во наредниот период е неопходно да се очекува зголемување на бројот на седишта.

Анализата на вкупната површина на објектите коинцидира со бројот на седишта. Таа во општината изнесува 9 089 м$^2$, што исто така претставува учество од 1,9% во Р.Македонија, односно само 2,7%во Полошкиот регион. Тоа значи дека е потребно да се прошири површината за урбана опрема за угостителска дејност со што ќе се придонесе и бројот на седишта да се зголеми. Така ќе се даде придонес и во зголемувањето на површините и бројот на седишта во општината.

**Анализата на капацитетите за сместување** се однесува на обемот на објекти, соби, легла и површина на објектите и учеството на општината по овие основи во Р. Македонија и Полошкиот плански регион број. Овие податоци се дадени во табела бр. 9.

Табела бр. 9 - Капацитети за сместување по општини според пописот на угостителството

| | **ВКУПНО во Република Македонија** | **Полошки регион** | **Маврово - Ростуше** | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Учество во РМ** | **Учество во Полошки регион** | |
| **Број на угостителски објекти** | 574 | 52 | | | 26 |
| **Број на угостителски објекти (%)** | 100% | 9.06% | 4.53% | 50% | |
| **Број на соби** | 17.235 | 1092 | | | 580 |
| **Број на соби (%)** | 100% | 6.34% | 3.37% | 53,1% | |
| **Број на легла** | 46.289 | 3170 | | | 2012 |
| **Број на легла (%)** | 100% | 6.85% | 4.35% | 63,4% | |
| **Површина на објектите (м2)** | 908.345 м$^2$ | 47394 м$^2$ | | | 23339 м$^2$ |
| **Површина на објектите (%)** | 100% | 5.22% | 2.57% | 49,2% | |

*Извор: Попис на капацитети во угостителството во Република Македонија, 2016, ДЗС на РМ*

Параметрите во табела бр. 7 покажуваат дека во поглед на обемот и структурата на сместувачките капацитети имаат, забележителна застапеност. Посебно тоа се однесува на учеството на општината во овој поглед во Полошкиот плански регион. Бројот на

угостителски објекти за сместување изнесува само 26. Тоа е учество, од само 4, 53% во вкупниот број на објекти во Р. Македонија кој изнесува 574. Но, учеството во Полошкиот плански регион е 50%, што значи дека се работи за доминантно на општината во овој поглед.

Бројот на соби кои се регистрирани во општината Маврово и Ростуше изнесува 264. Во поглед на учеството во на овие капацитети во вкупниот број на Р. Македонија тоа изнесува 3, 37% , но ова учество во Полошкиот регион е 53,1 %, што исто така претставува доминантно учество. Овој податок за состојбите коинцидира и со бројот на легла и со површините на овој вид на објекти. Бројот на легла 2 012 изнесува, што е учество од 6,48% во Р.Македонија или учествува од дури 63,4% во Полошкиот регион. Вкупната површина на објектите изнесува 23 339м$^2$, односно учество во овој поглед од 2.57% во Р.Македонија и 49,2% во Полошкиот плански регион.

Врз основа на овие показатели може да се види дека постои изразен простор за подобрување на состојбите. Релативно високото учество на општината по сите основи во Полошкиот плански регион е добра ресурска основа за подобрување на состојбите во поглед на отворање на нови капацитети и подигнување на квалитетот на услугите на повисоко рамниште. Затоа, неопходно е да се преземат активности со кои ќе се прошират капацитетите и ќе дојде до ставање во функција на нови објекти, како кај оние од областа на хотелиерството, така и во домашното сместување.

### *3.5.2 Анализа на вработеноста во угостителството*

Анализата на вработеноста ја отсликува состојбата во секторот угостителство во општината Маврово и Ростуше и споредливите состојби во Р. Македонија и Полошкиот плански регион на кој таа му припаѓа. Споредувањето е според учеството кое го има вработеноста на општината. Тоа овозможува да се дојде до можните предвидувања за подобрување на состојбите како во поглед на вработеноста во објектите во кои се даваат услуги на храна и пијалаци, так во сместувачките капацитети. Овие податоци се дадени во таб. бр. 10

Табела бр. 10 Вработеност во угостителството

| Капацитети за сместување и угостителство (храна и пијалаци) | | | |
|---|---|---|---|
| | **ВКУПНО во РМ** | **Полошки регион** | **Маврово и Ростуше** |
| **Број на вработени во капацитети за сместување** | 6.981 | 293 | 102 |
| **Процентуално учество (%)** | 100% | 4.20% | 1.46%34,8% |
| **Број на вработени во угостителски објекти (храна и пијалаци)** | 19.718 | 3118 | 62 |
| **Процентуално учество (%)** | 100% | 15.81% | 0.31%2% |

*Извор: Попис на капацитети во угостителството во Република Македонија, 2016, ДЗС на РМ*

Од податоците во таб. бр. 10 може да се констатира дека вкупниот број на вработени во капацитетите за сместување изнесува 102,што е 1,46%, во вкупната вработеност во овој сектор во Р.Македонија. Уште поскромно е учество и во поглед на вработеноста во угостителските објекти за храна и пијалаци кој изнесува 62 вработени или 0,31%. Скромно учество на општинската вработеност во угостителските објекти за храна и пијалаци во Полошкиот плански регион. Тоа изнесува само 2%. Но затоа,учеството на вработеноста во општината, во секторот на сместувачки капацитети изнесува 34% односно од 293 вработени 102 се во општината Маврово и Ростуше. Овие показатели покажуваат дека вработеноста во периодот до 2028 година треба забележително да се подобри во контекст на зголемување на вкупните капацитети на општината Маврово и Ростуше. Тоа произлегува од состојбата со ниската вработеност и од претпоставките дека ќе дојде до проширување на постојните објекти и дека ќе се создадат услови за нови просторни и кадровски подобрувања.

### *3.5.3 Човечки ресурси*

Општината Маврово и Ростуше се наоѓа меѓу два центра на високото образование. Тоа се Охрид во кој се наоѓа Факултетот за туризам и угостителство и Тетово во кого при Економскиот факултет е отворена студиска програма за туризам. Исто така , во Скопје како најголем универзитетски центар во Р.Македонија постои Универзитет за туризам и менаџмент како приватна високошколска установа. Скопје претставува универзитетски центар, така што кадровските потенцијали се пристапни во нејзиното непосредно окружување. Општината може да ги искористи различните профили на образование за вклучување во развојот на туризмот. Што се однесува до специјализираниот кадровски потенцијал на располагање ѝ стојат пред сѐ институциите на Универзитетот Св.Кирил и Методиј. На Природно - математичкиот факултет во Скопје постои студиска програма за

туризам. Во самиот град Скопје постојат дисперзирани студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика од Гевгелија во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Средното образование свој потенцијал од областа на туризмот и угостителството може да користи од средните училишта. Во Охрид тоа е „Ванчо Питошески“.Во средното стручно општинско училиште „Моша Пијаде“- Тетово исто така се школуваат кадри од оваа дејност, а во Град Скопје работи средното стручно училиште „Лазар Танев" кое е најголемо во Република Македонија. И другите средни училишта кои школуваат кадри од областа на туризмот можат да претставуваат значаен потенцијал, но наведените училишта се најблиску до општината така што и достапноста е порелевантна. Тоа значи дека таа може да користи солиден кадровски потенцијал и да ги разрешува проблемите од областа на вработувањето во туризмот и угостителството.

## 3.6. Анализа на постојната состојбана развојот на туризмот во општината Маврово и Ростуше преку туристичката посетеност и престој

Туристичката посетеност и престој претставува најрелевантен индикатор на нивото на развој на туризмот во општината Маврово и Ростуше. Овие параметри се однесуваат на вкупниот туристички промет и неговата структура која се однесува нана домашните и на странските туристи. За да се утврдат тенденциите во оваа сфера дадени се и движења во периодот од 2011 година до последната анализирана година (2017 г.). Периодот кој се зема за анализа е период во кој се води евиденцијата по општини од страна на Државниот завод за статистика на РМ што зборува за релевантноста на податоците, бидејќи е покриен целиот период. Анализата го опфаќа бројот на посетители , бројот на остварени ноќевања и нивната динамика во анализираниот период. Тие се дадени табеларно и графички.

### *3.6.1 Туристичката посетеност*

Туристичката посетеност го одразува интересот на туристите за оваа туристичка дестинација и нивото на нивното доаѓање. Овие податоци се дадени како обем и структура во таб. бр . 11

Табела бр. 11 - Обем и структура на бројот на посетители во општина Маврово и Ростуше

| | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Домашни туристи | 12128 | 12384 | 11488 | 11220 | 9861 | 10179 | 10015 |
| Странски туристи | 9332 | 9604 | 10922 | 8558 | 9055 | 8204 | 10636 |
| **ВКУПНО** | 21460 | 21988 | 22410 | 19778 | 18916 | 18383 | 20651 |

*Извор: Државен завод за статистика на РМ, макстат база, 2018*




Графикон 1. Туристичка посетеност

Од табеларниот преглед се гледа дека вкупниот број на туристи во општината во 2017 г изнесувал 20 651. Бројот на домашните туристи во овој период со исклучок на последната анализирана година е во извесна мерка поголем од бројот на посетители од странските земји. Меѓутоа, овие отстапувања се релативно мали. Во последната година кај странската посетеност бројот изнесува 10 651, а кај домашните 10 015 . Тоа значи дека се работи за скоро иста дистрибуција.

Динамиката на развој е презентирана преку базниот индекс. Овие показатели се дадени во таб. бр. 12

Табела бр. 12 Динамика на посетеноста на туристите

Индекс база 2011 година

| | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Домашни туристи | 100 | 102 | 95 | 93 | 81 | 84 | 83 |
| Странски туристи | 100 | 103 | 117 | 92 | 97 | 88 | 114 |

*Извор: Државен завод за статистика на РМ, макстат база, 2018*

Од табелата се гледа дека индексот на зголемување кај домашните туристи забележан само во првата година и тоа за само 102 индексни поени.Во останатиот период е евидентна стагнација и евидентно опаѓање на бројот на домашни посетители.

Кај странските посетители евидентни се осцилации. Периодот на пораст се јавува во првите две години, а после тоа се до 2017 год. доаѓа до намалување. Порастот во последната анализирана година дава оптимизам дека овој тренд би можел да се настави. Но и во овој поглед е евидентно дека е потребен стратегиски приод со кој ќе се подигне нивото на услуги на повисоко ниво. Посебно оптимистичка треба да биде проекцијата на развојот на странската посетеност бидејќи таа е извор на зголемени девизни резултати. Со оглед на тоа дека странската посетеност има поголем придонес во економските ефекти овој тренд ќе придонесе да дојде поинтензивен развој не само на туризмот туку и на останатите дејности.

Овие движења се дадени и во графиконот бр. 1. Во него се презентирани податоците за посетеноста по години кај странските и кај домашните туристи.

### *3.6.2 Туристичката посетеност*

Престојот на туристите претставува индикатор кој покажува ниво на задржување на туристите во општината во текот на определен период. Тој е изразен преку остварените ноќевања како на домашните така на странските туристи. Овие показатели се дадени во табела број 13.

Табела бр. 13 Обем и структура на остварени ноќевања на туристите

| | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Домашни туристи | 23002 | 22406 | 22107 | 20852 | 19952 | 17745 | 19060 |
| Странски туристи | 16577 | 18855 | 21625 | 17114 | 16955 | 14808 | 19683 |
| **Вкупно** | 39579 | 41261 | 43732 | 37966 | 36907 | 32553 | 38743 |

*Извор: Државен завод за статистика на РМ, макстат база, 2018*

Од табеларниот преглед се гледа дека тој коинцидира со посетеноста на туристите во општината Маврово и Ростуше. Вкупниот бројот на остварени ноќевања во општината во последната анализирана година изнесува 38 743. Ако се погледа соодносот на домашните и странските остварени ноќевања може да с заклучи дека се работи за скоро исти остварувања. Тоа значи дека нема битни разлики и дека е неопходно да се подобри квалитетот на услугите и настапот на туристичкиот пазат и во земјата и во странство за да дојде до подобрување на состојбите. Просечниот престој е околу 2 дена и кај домашните и кај странските туристи. Со оглед на тоа дека се работи за преовладително стационарна форма на престој ова се релативно скромни резултати.

### *3.6.3 Туристички престој*

Развојот на туризмот е во тесна врска со движењето на остварените ноќевања во овој анализиран период. Таа се однесува како на домашните така на странските туристи. Овие показатели се дадени во табела бр. 14.

Табела бр. 14 - Динамика на движење на престојот

Индекс база 2011 г.

| | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Домашни туристи | 100 | 97 | 96 | 91 | 87 | 77 | 83 |
| Странски туристи | 100 | 114 | 130 | 103 | 102 | 89 | 119 |

*Извор: Државен завод за статистика на РМ, макстат база, 2018*




Графикон 2. Остварени ноќевања

Од табелата се гледа дека во анализираниот период дошло во намалување на бројот на остварени ноќевања. Во однос на базната 2011 год. во сите години дошло до намалување. Тоа значи дека е неопходно во овој поглед да се преземат активности на овој план.

За разлика од тоа, кај ноќевањата остварени од страна на странските туристи е регистриран пораст. Така, порастот во 2017 год. се движи во рамките на индекс 119 што значи дека бојот на остварени ноќевања на странските туристи зголемил за околу 20%. Ова е оптимистички показател затоа што ако ваквата динамика има позитивна тенденција на зголемување на туристичкиот престој. Се работи за изразито позитивни остварувања, што овозможува да констатираме дека и во наредниот десетгодишен период можеме да очекуваме позитивни резултати.

### *3.6.4 Анализа на остварените приходи*

Остварените приходи се индикатор, не само на туристичкиот туку и економскиот развој на општината Маврово. Анализата на остварените приходи кај домашните туристи подразбира прелевање од други средини во државата во оваа туристичка дестинација. Тие овозможуваат развој на оваа општина. Меѓутоа, најрелевантна е потрошувачката која ја остваруваат странските туристи бидејќи таа ги зголемува девизните приходи и има дури и директно учество во зголемувањето на бруто-домашниот производ. Обемот на остварени приходи како туристичка потрошувачка е дадена во табела бр. 15.

Табела бр. 15 - Туристичка потрошувачката

во долари

| | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Домашни туристи | 1,840,160 | 1,792,480 | 1,768,560 | 1,668,160 | 1,596,160 | 1,419,600 | 1,524,800 |
| Странски туристи | 1,326,160 | 1,508,400 | 1,730,000 | 1,369,120 | 1,356,400 | 1,184,640 | 1,574,640 |
| **Вкупно** | 3,166,320 | 3,300,880 | 3,498,560 | 3,037,280 | 2,952,560 | 2,604,240 | 3,099,440 |

*Извор: Државен завод за статистика на РМ, макстат база, 2018*

Остварените приходи се индикатор, не само на туристичкиот туку и економскиот развој на општината Маврово и Ростуше. Анализата на остварените приходи во последната анализирана година изнесува 3 009 440 . Реализираните приходи и од потрошувачката на домашните туристи и од странските туристи има скоро исти вредности односно учество со околу 50%.Тоа значи дека е неопходно да се збогати туристичката понуда за да се остварат поголеми резултати на домашен и на меѓународен план.

Динамиката на развој на остварените приходи ни овозможува да се согледаат можните тенденции на овој план. Овие движења се дадени во таб. бр. 16.

Табела бр. 16. Динамика на движење на потрошувачката

Индекс база 2011 г.

| | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Домашни туристи | 100 | 97 | 96 | 91 | 87 | 77 | 83 |
| Странски тур. | 100 | 114 | 130 | 103 | 102 | 89 | 119 |

*Извор: Државен завод за статистика на РМ, макстат база, 2018*




Графикон 3. Движење на индексот на туристичка потрошувачка

Од табеларниот преглед може да се види дека во општината Маврово и Ростуше остварените приходи од страна на потрошувачката на домашните туристи во анализираниот период бележат намалување во сите анализирани години во споредба со базната 2011 год. Индексот на намалување се движи од 77 во 2016год. до 97 во 2012 год. Ова се алармантни показатели затоа што е можно и во наредниот период да дојде до вакво намалување. Причините треба да се бараат во падот на животниот стандард на населението во овој период но и во ценовната политика во овој сектор. За разлика од тоа кај остварувањата на потрошувачката од страна на странските посетители забележан е пораст. Тој е присутен во сите анализирани години со исклучок на 2016 год кога индексот изнесува 89. Задржувањето на оваа тенденција кај странските туристи е очекувано со оглед на тоа дека зголемување на туристичката потрошувачка највисоко ниво достигнува во 2017 год. , што зборува дека за ефекти кои можат да се очекуваат и во наредниот десетгодишен период

## 3.7. Емитивни зони на странскиот туризмот

Емитивните зони претставуваат просторни целини од кои можеме да очекуваме туристи. Тие се определени врз основа на остварениот туристички промет. На овој начин земјите се определуваат како потенцијален пазар за пласман на туристичките производи од општината како туристичка дестинација. Нивната лоцираност произлегува од динамиката на посетеност по земји на припадност. Врз основа на овие параметри

можевме да ги утврдиме земјите од кои се очекува најголема посетеност и во наредниот период. Податоците за состојбите се систематизирани во табелата бр. 17.

Табела бр. 17 - Туристичка посетеност по емитивна земја

| **Емитивна земја** | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Австрија** | 104 | 69 | 159 | 44 | 106 | 125 | 140 | 747 |
| **Албанија** | 2,317 | 2,243 | 3,119 | 2,478 | 2,367 | 2,680 | 2,544 | 17,748 |
| **Белгија** | 59 | 71 | 132 | 72 | 119 | 65 | 134 | 652 |
| **Белорусија** | 0 | 0 | 6 | 6 | 1 | 1 | 4 | 18 |
| **Босна и Херцеговина** | 49 | 84 | 64 | 67 | 31 | 22 | 55 | 372 |
| **Бугарија** | 173 | 94 | 132 | 99 | 128 | 103 | 131 | 860 |
| **Велика Британија** | 180 | 213 | 180 | 206 | 205 | 221 | 227 | 1,432 |
| **Германија** | 193 | 245 | 239 | 200 | 237 | 260 | 335 | 1,709 |
| **Грција** | 132 | 104 | 125 | 84 | 67 | 72 | 55 | 639 |
| **Данска** | 50 | 24 | 22 | 24 | 44 | 29 | 83 | 276 |
| **Естонија** | 0 | 0 | 7 | 4 | 3 | 3 | 5 | 22 |
| **Ирска** | 20 | 18 | 23 | 32 | 21 | 19 | 9 | 142 |
| **Исланд** | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 | 259 | 262 |
| **Италија** | 115 | 141 | 181 | 123 | 125 | 107 | 134 | 926 |
| **Кипар** | 0 | 0 | 5 | 4 | 5 | 0 | 0 | 14 |
| **Косово** | 2,170 | 2,403 | 2,469 | 1,809 | 2,230 | 1,718 | 2,813 | 15,612 |
| **Латвија** | 1 | 11 | 1 | 2 | 2 | 1 | 6 | 24 |
| **Литванија** | 0 | 0 | 7 | 8 | 2 | 11 | 6 | 34 |
| **Луксембург** | 0 | 3 | 1 | 0 | 5 | 0 | 0 | 9 |
| **Малта** | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 | 17 | 20 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Норвешка** | 52 | 20 | 13 | 22 | 15 | 28 | 41 | 191 |
| **Полска** | 24 | 28 | 87 | 50 | 155 | 159 | 160 | 663 |
| **Португалија** | 3 | 2 | 7 | 5 | 1 | 11 | 7 | 36 |
| **Романија** | 26 | 37 | 34 | 51 | 27 | 43 | 30 | 248 |
| **Руска Федерација** | 72 | 90 | 71 | 57 | 85 | 49 | 41 | 465 |
| **Словачка** | 20 | 5 | 64 | 10 | 9 | 22 | 57 | 187 |
| **Словенија** | 110 | 104 | 222 | 205 | 227 | 86 | 201 | 1,155 |
| **Србија** | 356 | 387 | 391 | 315 | 272 | 162 | 252 | 2,135 |
| **Турција** | 526 | 912 | 603 | 641 | 723 | 624 | 504 | 4,533 |
| **Украина** | 15 | 22 | 23 | 9 | 6 | 8 | 64 | 147 |
| **Унгарија** | 22 | 23 | 25 | 17 | 48 | 3 | 19 | 157 |
| **Финска** | 82 | 36 | 11 | 23 | 10 | 12 | 10 | 184 |
| **Франција** | 141 | 182 | 46 | 80 | 122 | 180 | 165 | 916 |
| **Холандија** | 223 | 266 | 247 | 280 | 428 | 179 | 353 | 1,976 |
| **Хрватска** | 91 | 153 | 188 | 154 | 78 | 60 | 87 | 811 |
| **Црна Гора** | 29 | 40 | 68 | 26 | 42 | 20 | 63 | 288 |
| **Чешка** | 141 | 86 | 142 | 131 | 117 | 106 | 95 | 818 |
| **Швајцарија** | 130 | 106 | 101 | 106 | 123 | 119 | 161 | 846 |
| **Шведска** | 74 | 19 | 50 | 46 | 57 | 36 | 71 | 353 |
| **Шпанија** | 47 | 30 | 71 | 30 | 56 | 120 | 33 | 387 |
| **Други европски земји** | 124 | 334 | 767 | 97 | 51 | 38 | 39 | 1,450 |
| **Јужна Африка** | 0 | 4 | 0 | 2 | 0 | 4 | 5 | 15 |
| **Други африкански земји** | 10 | 16 | 2 | 10 | 6 | 8 | 8 | 60 |
| **Канада** | 40 | 24 | 27 | 20 | 33 | 34 | 26 | 204 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **С А Д** | 209 | 185 | 165 | 140 | 156 | 162 | 261 | 1,278 |
| **Други северно-американски земји** | 187 | 0 | 20 | 1 | 3 | 0 | 29 | 240 |
| **Бразил** | 1 | 1 | 2 | 0 | 5 | 8 | 3 | 20 |
| **Други земји од Јужна и Средна Америка** | 2 | 2 | 9 | 18 | 33 | 1 | 12 | 77 |
| **Израел** | 164 | 137 | 181 | 265 | 212 | 283 | 310 | 1,552 |
| **Јапонија** | 0 | 9 | 5 | 17 | 0 | 3 | 4 | 38 |
| **Кина** | 1 | 31 | 14 | 83 | 31 | 33 | 128 | 321 |
| **Кореја, Република** | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 81 | 82 |
| **Други азиски земји** | 408 | 96 | 52 | 92 | 15 | 24 | 247 | 934 |
| **Австралија** | 433 | 492 | 334 | 286 | 197 | 127 | 107 | 1,976 |
| **Нов Зеланд** | 4 | 0 | 6 | 1 | 6 | 14 | 5 | 36 |
| **Други земји од Австралија и Океанија** | 2 | 2 | 0 | 2 | 8 | 0 | 0 | 14 |

*Извор: Државен завод за статистика на РМ, макстат база, 2018*

Од табеларниот преглед се гледа дека најголем број на туристи ја посетиле општината од Албанија (17 748) и Косово (15 612) . Тие оствариле најзабележителна посетеност. На трето место е Турција (4 533). Од земјите во опкружувањето релативно висока посетеност бележи Србија (2 125) Врз основа на овие показатели треба да се констатира дека тоа е основниот емитивен простор за пласман на туристичките производи. Како потенцијални пазари на западноевропските земји најголема посетеност остваруваат Холандија (1 976 ), Германија (1 709 ) и Велика Британија (1 432). Тоа значи дека западноевропскиот пазар е насочен кон овие земји како основни емитивни простори. Туристите од овие земји исто така бележат перманентен пораст во овој анализиран период. Интересен туристички пазар е и Израел ( 1 552). Од прекуокеанските земји најголема посетеност е реализирана од Австралија( 1 976) и САД( 1 2870 ). Овие состојби можат да се објаснат со интеркултурните односи кои постојат во општината и користењето на пријателствата на иселениците и печалбарите од општината со жителите на земјите од кои доаѓаат туристите. Ова треба да биде поорганизирана форма на промотивни активности во вака утврдените туристички пазари.

## 3. 8 SWOT анализа на потенцијалите за развој на туризмот

SWOT анализата произлегува од примарните и секундарните истражувања врз основа на квалификациите кои можат а се извлечат од аналитичкиот пристап. Преку неа се овозможува утврдување на целите, мерките и активностите кои треба а се преземат за подобрување на туризмот во општината Маврово Ростуше. SWOT анализата е дадена во следната табела.

Табела бр. 18. SWOT – анализа на потенцијали за развој на туризмот

| ПРЕДНОСТИ | НЕДОСТАТОЦИ | МОЖНОСТИ | ЗАКАНИ |
|---|---|---|---|
| Добра пристапност<br><br>Транзитност низ живописни простори | Недоизградени регионалните патишта<br>Недоволна изграденост на транзитни капацитети<br>Отсуство на информативно-промотивни пунктови и рекламни паноа<br>Запоставеност на жичарата | Доградба на регионалниот пат до Бошков Мост со средства на државата<br><br>Изградба на локална патна мрежа со грантови и донации | Ограниченост на буџетски средства<br><br>Нереализирани процеси за придвижување кон ЕУ и евро-атлантските интеграции |
| Единственост и раритетност на планински релјеф | Недоволна туристичка искористеност<br><br>Слаба промотивна активност | - Поттикнување на концесионерство во планинскиот простор<br>- Вклучување во реализација на стратегиите за промотивни активности на туризмот во Република Македонија | - Неисполнување на зацртани планови и стратегии од државните институции во поглед на користењето на планините како атрактивен ресурс<br><br>Недоволна заинтересираност за планински туризам инвестирање од страна на домашни и странски инвеститори |
| Пештерите се атрактивни потенцијали | Недоволна искористеност за креирање туристички производи | Иницирање на меѓуопштинска и меѓународна соработка во користењето на пештерите | -Недоволен интерес за соработка на општините од окружувањето |
| Долготрајност на снежната покривка | Отсуство на алтернативни форми туризам | - Користење на претпристапни фондови и фондови за развој на алтернативни видови туризам | Недоволна реализација на предвидените програми за рамномерен регионален развој и претпристапни |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | фондови |
| Мавровското Езера е основени хидрографски ресурси за развиј на туризмот | Слаба искористеност на ресурсите | Основање на туристичка развојна зона | Слаб инвестициски интерес на инвеститори од земјата и странство |
| Забележително културно наследство | Слаба промотивна дејност | Промотивен настап во емитивните средини | Слаба вклученост во меѓународните промотивни мрежи |
| Можности за производство на автохтони производи и вклучување на локалното население во давањето услуги и пласман на производи | Слаба организираност<br>Постоење на определена скептичност од предрасуди<br>Слаба информираност | Користење на средства од меѓународни – ИПА, ИПАРД, други тематски програми на ЕУ и ОН | Не подготвеност да се аплицира за средства од меѓународен карактер |
| Постоење на рецептивен потенцијал | Слабо ниво на примена на стандарди за квалитети отсуство на соодветна категоризација | Користење на искуства од добри практики во земјата и на меѓународен план | Не доволна заинтересираност за вклучување на хотелиерски брендови |
| Постоење солидна основа за интегрален настап на туристичкиот пазар | Отсуство на деловна концентрација на засегнатите страни | Поврзување со познати туроператори во земјата и емитивните земји | Непостоење на инвентивност во вмрежувањето бизнис секторот надвор од општината во земјата и странство |
| Заштитен простор во рамките на НП Маврово | Појави на загрозувања со смет и отпадни води, слаба примена на еко-стандарди во угостителството | Селекција на отпадот и негово рециклирање<br>Изградба на колекторски систем и секундарна канализациска мрежа<br>Воведување на еко-стандарди<br>Користење на грантови за заштита на | Отсуство на пренесени искуства од меѓународни практики во развените средини<br>Слаби капацитети за користење на средства за санации и уредување на животната средина |
| Постоење на основа за креирање на заеднички поливалентни туристички производи со други општини, региони и земји | Непостоење заедничкиот настап на туристичкиот пазар со други општини, региони и земји | Склучување договори за соработка;<br>Формирање работни тимови за креирање на заеднички туристички производи | Слаба заинтересираност за соработка од страна на други административни целини и туристички дестинации надвор од општината |
| Донесени развојни стратегии од општи посебен карактер | Слаба екипираност за спроведување на стратегиите во делот за туризам | Расположливи средства за рурален и рамномерен развој на РМ | Слаб пристап кон донации и фондови од национален и интернационален карактер |
| Информатичка комуникативна покриеност на општината | - Отсуство на систем за вмрежување | Вклучување на нови оператори за мрежно покривање | Недоволно следење на софистицираноста во информатичките технологии во светот |

# 4. Реализација на проектната задача

Истражувачкиот процес кој се базираше на анализата на параметрите и развојните индикатори овозможуваа да дојде до реализација на проектната задача. Низ овие анализи можеа да се согледаат позитивните и ограничувачките околности, од гледна точка на состојбите во туристичкиот развој на општината Маврово и Ростуше. Индикаторите од службените извори низ аналитички приод ни овозможуваат за наредниот десетгодишен период да даде развојна. Врз основа на анализата на ставовите и мислењата на познавателите на приликите се согледуваат насоките кои водат кон издржани туристички политики.

Стратегискиот документ подразбира негова јасна мисија, како и соодветниот пристап кој ќе ја третира развојната визија на туризмот во општината Маврово и Ростуше. Во него се идентификуваат општите и специфичните цели за развој на туризмот. Обемот на активностите кои треба да се имплементираат во Стратегијата произлегуваат од мерките како плод на оперативните цели.

Реализацијата на проектната задача се однесува на утврдување на очекуваните резултати , мониторингот и евалуацијата. Врз основа на вака поставените компоненти на проекцијата се добива акциски план како сублимирана форма на стратегискиот документ.

## 4.1 Мисија за развојот на туризмот

Актуелната состојба и развојните потенцијали кои не се доволно искористени како и дејностите кои ги опфаќа во него и надвор од него, како и современите процеси во државата и во светот упатуваат на неопходност Општината Маврово и Ростуше мисијата на туризмот да ја насочи кон негово етаблирање како приоритетна дејност. Овој е од посебно значење за вкупниот стопански и општествен развој. Тој треба да биде поттикнувач на развојни процеси. Ваквата мисија е во согласност трендовите на туризмот во Р.Македонија кои покажуваат перманентен раст, како на планот на туристичкиот промет, така на остварените приходи од оваа дејност. Таа треба да биде насочена кон функционална, сеопфатна и ефикасна заштита подразбира користење без искористување. Мисијата на туризмот е да го поттикне развојот на земјоделието, сообраќајот и вкупниот услужен сектор. Таа треба да создаде услови за унапредување на јавното-приватно партнерство преку кое рационално ќе ги користи природните и антропогените

атрактивности и рецептивни ресурси кои не се во изминатиот период користени. Во остварување на мисијата општината треба да овозможи концесионирање на локации и објекти, посебно на оние во атрактивни средини како репрезентативни локации. Општината треба да има одлучувачка улога во одржливиот развој на туризмот овозможувајќи оптимални комунално-хигиенски услови, користење на еколошки стандарди и ефикасно функционирање на сообраќајната инфраструктура. Општината треба да има поддршката на руралната туристичка понуда со што ќе им овозможи на жителите од овие населени места да остварат приходи со кои ќе го зголемат семејниот буџет. Мисијата на туризмот е насочена кон тежнеење преку посебна посветеност од страна на Општината Маврово и Ростуше да се подобри квалитетот на живот и да намали или спречи иселувањето. Таа треба да ја унапреди својата афирмација како средина на ретки доживувања.

## 4.2 Визија на развојот на туризмот

Визијата поаѓа од тоа **каков е** туризмот и **каков треба да биде.** Значи дека развојната визија на туризмот во општината Маврово и Ростуше се темели на состојбите или ситуационата анализа, на идентификацијата на можностите и вредностите и активниот однос што го има Локалната самоуправа и градоначалникот кон туризмот како приоритетна дејност.

Со оглед на тоа дека се работи за преовладително заштитена животна средина круцијален предуслов е примена на стандардите за еколошко управување со просторот, содржинските елементи и екосистеми. Таа е простор на ретко материјално и нематеријално културно наследство, чие ниво на заштита бара подигнување и проширување. Визијата за тоа каков треба да биде туризмот во наредниот десетгодишен период ги уважува стремежите на заштитата како препознатливост, токму на овие постулати. Така се доаѓа до брендирање на општината Маврово и Ростуше како: **„Туристички сјај на природата и културата“.**

Визијата на развојот на туризмот во општината во периодот до 2028претпоставува забележителни подобрувања во однос на состојбите. Таа е општина со унапреден одржлив менаџмент на туристичката дестинација. Општината има подобрена соработка со соседните општини и регионот во целина. Во неа е постигнато високо ниво на свест за користењето на одржливи извори на енергија и подобрени сообраќајни врски, инфраструктура и средства. Комуналните услуги се на високо ниво. Во општината се донесени потребните просторно-плански документи за функционирање на туристичките

локалитети и објекти. Туристичка валоризација овозможила да се уредат нови атрактивности на целиот простор. Врз основа на согледаните ресурски компаративни предности општината е во состојба да има диференцирани разновидни туристички производи и успешно пласирани на туристичкиот пазар. Зголемен е бројот на даватели на услуги во различни сектори кои меѓусебно се вмрежени. Во областа на човечките ресурси подигнато е нивото на знаења и вештини и зголемен е бројот на вработени и претприемачи. Подигнато е нивото на квалитет на услугите. Општината е конкурентна туристичка дестинација на туристичкиот пазар и препознатлива по иновативноста, автентичноста и гостољубивоста. Освоени се нови туристички пазари, а туристичката сезона е продолжена. Населението има позитивен однос кон туризмот и нема антагонизам и недоразбирања. Општината Маврово и Ростуше е симбол на соживот и безбедност и слобода на движење на туристите.

## 4.3 Цели на стратегијата

Целите на стратегијата за развој на туризмот во наредниот десетгодишен период произлегуваат од мисијата која тој ја има на овој простор, посветеноста на власта на Локалната самоуправа предводена од градоначалникот и утврдените компоненти на визијата. Со оглед на сложеноста на туристичкиот феномен во кој свое место имаат различни развојни фактори и функционални придобивки целите се определени на два нивоа. Во стратегијата е определена општа цел и утврдени се специфични цели.

### *4.3.1 Општа цел*

Препознатливоста на Општината Маврово и Ростуше преку брендот *„Туристички сјај на природата и културата“* ја определува како туристичка дестинација во која одржливиот развој, пред се однесува на доминантноста на еколошките стандарди. Меѓутоа, еколошката одржливост овде се соединува и со културната заштита и нејзиното користење. Таа ги содржи и заложбите за економското користење и социјалната прифатливост на туристичката дестинација во одржлива форма. Така одржливиот развој се јавува како приоритет кој е во врска со заштитата на просторот на општината во целина на национално ниво, но и во инфраструктурната и комуналната уреденост и опременост, ефикасност на комуналните служби во санацијата на појавите на диви депонии, одржување на хигиената, санацијата на отпадни води , нерационална сеча на шумите и хортикултурното уредување на просторот. Тоа само по себе ја наметнува општата цел на развојот на туризмот. Таа гласи: ***Општината Маврово и Ростуше да биде препознатлива и***

***водечка дестинација на одржливиот туризам во Р.Македонија. Општа цел придонесе во стопанскиот и оптиетствениот развој и да го подобри квалитетот на живот во општината.***

### *4.3.2 Специфични оперативни цели*

Специфичните цели произлегуваат од заложбата општината да биде препознаена како *„Туристички сјај на природата и културата".* Тие коинцидираат со мисијата, визијата и општата цел на развојот на туризмот во општината. Имајќи ги предвид овие основи, во наредниот десетгодишен период треба да се реализира следниве цели:

1. Унапредување на институционална и правна рамка,како основен столб во успешното управувањето со одржливиот развој на општината, како туристичка дестинација;
2. Подобрување на инфраструктурната и комуналната опременост и уреденост во функција на овозможување подобрена атрактивност и конкурентност на услугите;
3. Обезбедување на рационално користење на постојните ресурси и преку туристичка валоризација проширување на просторот и активирање на нови локалитети и објекти;
4. Унапредување на човечките потенцијали и управување со квалитетот во општината;
5. Успешност во настап на туристичкиот пазар и
6. Основање на туристичка развојна зона Маврово

## 4.4 Активности и мерките кои треба да се имплементираат во Стратегијата.

Активности и мерки кои треба да се имплементираат во Стратегијата тaка се од оперативна природа. Тие се конкретни и спроведливи, а се однесуваат на секоја цел посебно. Определувањето на мерките и активностите своја основа наоѓа во потенцијалите, состојбите и развојните карактеристики во изминатиот период. Врз основа

на вака поставените идни долгорочни согледувања на развојот на туризмот приоритетно се определени мерките, со кои состојбите ќе се донесат на оптимално и рационално ниво.

Активностите кои треба да се преземат произлегуваат од соодветните мерки. Тие се дадени во конкретна форма.

### *4.4.1 Мерки и активности во рамките на оперативната цел бр.1*

Унапредувањето на институционална и правна рамка, како основен столб во успешното управување со одржливиот развој на општината со препознатливи туристичко-дестинациски атрибути, како оперативна цел има приоритетно значење затоа што организацијата е основа за функционирање. Исто така, овде е важно да се констатира дека регулативата и правната основа се фактори од кои зависат сите креативни активности во реализацијата на претпоставките. Остварувањето на оваа оперативна цел подразбира преземање на следниве мерки :

**-јакнење на институционалната рамка;**

**- воспоставување на правна рамка за спроведување на активностите;**

**-јакнење на инспекциските служби и**

**-подобрување на врските на општината со соседните општини, региони и земји на планот на соработка во област на туризмот.**

<u>Активности во поглед на преземањето на мерката за јакнење на институционалната рамки се следниве:</u>

- донесување на нова систематизација со издвоен сектор за туризам,

-одржување на обуки за вработените за одржливо управување со туристичка дестинација

-воспоставување на информатичка мрежа со чинителите на туризмот по вертикална и хоризонтална основа,

-учество на семинари и собири од областа на управувањето во туризмот,

-формирање на база на податоци и статистичка обработка,

-организирање на форуми со бизнис заедницата и засегнатите страни.

<u>Активности во поглед на преземањето на мерката за воспоставување на правна рамка за нејзино спроведување се следниве:</u>

-изработка на правилници за користење на просторот и туристичките активности во согласност со современите стандарди за квалитет;

- спроведување на кампањи и обуки за примена на прописите од областа на туризмот и животната средина и

- креирање годишни програми за развој на туризмот врз база на стратегиските определби.

Активности во поглед на преземањето на мерката за јакнење на инспекциските служби се следниве:

-зголемување на број на инспектори;

-организирање обуки за нивно усовршување и работење во повеќе сектори; поврзување на инспекциските служби по вертикална и хоризонтална основа и

- воведување на систем на следење на престојот на туристите во сместувачките објекти (софтвер за поврзување со полицијата и органите на гонење).

Активности во поглед на преземањето на мерката за подобрување на врските на општината со соседните општини , региони и земји на планот на соработка во област на туризмот:

-склучување на договори со други општини, региони и земји за соработка во областа на туризмот;

-донесување на елаборати за заедничко уредување на гранични и заеднички туристички ресурси и

-заеднички настапи на саеми и берзи со туристички производи од взаемен и индивидуален карактер.

### *4.4.2 Мерки и активности во рамките на оперативната цел бр.2*

Подобрување на инфраструктурната и комуналната опременост и уреденост во во функција на овозможување подобрена атрактивност и конкурентност на услугите подразбира преземање на следниве мерки:

**- унапредување на поврзаноста;**

**- унапредување на комуналната уреденост и опременост и**

**- унапредување партерното хортикултурно уредување и пошумување**

Активности во поглед на преземањето на мерката за унапредување на поврзаноста:

-одржување на локалната патна мрежа;

-изработка на планска документација за сообраќајно поврзување со регионалната патна мрежа;

-изградба на приклучни патишта за поврзување со регионалните патишта;

-изработка на планска документација за сообраќајно поврзување на населените места и туристичките локалитети;

- изградба на локални патишта и улици

-изработка на елаборат за потреба од изградба на нова жичара;

-уредување и одржување на постојните патеки;

-воведување на сигнализација и дигитализација на туристичките патеки;

-изработка на планска документација за нови планинарски, пешачки, трим и алпинистички патеки;

-изработка на планска документација за уредување и користење на паркинг простор;

-изработка на план за воведување анимациски возови на електричен погон за разгледување и посета на туристичките атрактивности и рецептивни капацитети и

-подобрување на ИТ врските.

Активности во поглед на преземањето на мерката за унапредување на комуналната уреденост и опременост :

- изработка на физибилити студија за санација на цврстиот отпад;

- организирање на кампања за поврзаноста на туризмот и селекцијата на отпадот;

-поставување пригодни канти за селективен отпад со туристички апликации;

- изградба на станица за селекција на цврст отпад;

-изработка на физибилити студија против загадувањето на воздухот;

- доделување субвенции за користење на греење со намалено загадување на воздухот;

-изработка на проект за санација на отпадни води;

- изградба на пречистителни станици;

-изградба на колекторски систем околу Мавровското Езерото и канализациска мрежа во населените места и туристичките локалитети;

- водење на кампања за подигнување на свеста зачувување на животната средина и одржливиот развој на туризмот;

- поддршка на еко сместувачки капацитети;

-поставување на табли со информации за чување на туристичката средина и

- промоција на имиџ на туристички сјај во чиста средина со запазена хигиена на почвата воздухот и водата.

Активности во поглед на преземањето на мерката за унапредување партерното хортикултурно уредување и пошумување

-изработка на просторно-планска документација за партерното хортикултурно уредување на општината;

-уредување на паркови во туристички локалитети;

- водење кампања и обуки за уредување на дворните места во населените и туристичките места;

- доделување на награда за најдобро уредено дворно место;

-партерно уредување на просторот во населените места и туристички локалитети;

-изграба на фонтани и поставување на уметнички дела;

-изработка на елаборат за садење дрвореди долж патните и уличните комуникации;

- садење дрвореди долж патните и уличните комуникации;

-изработка на елаборат за пошумување;

- водење на кампања за заштита на шумите како фактор за туристички развој;

- засадување на шумски растенија и

-заседување на голи површини.

### *4.4.3 Мерки и активности во рамките на оперативната цел бр.3*

Обезбедувањето на рационално користење на ресурсите и преку туристичка валоризација проширување на просторот и активирање на нови локалитети и објекти како оперативна цел подразбира преземање на мерки кои се однесуваат како на атрактивниот, така на рецептивниот сектор. Тоа се однесува на :

**-уредување на постојните туристички атрактивни локалитети и објекти ;**

**- подигање на нивото на квалитет во постојните угостителски објекти;**

**- активирање на нови туристички локалитети и**

**-активирање на нови угостителски објекти.**

Активности во поглед на преземањето на мерката уредување на постојните атрактивни локалитети и објекти:

-изработка на просторно-планска документација за населени места и

постојните туристички локалитети;

- изработка на физибилити студија за состојбата на туристичките локалитети и потребата ;
- уредување постојните туристички локалитети и објекти за посета според добри практики;
- воведување светлости и звуци како анимациска форма на постојни локалитети и објекти;
- поставување на сигнализација и визуализација за движење кон и во постојните туристички локалитети и објекти и
- донесување на годишен календар на манифестации и настани.

Активности во поглед на преземањето на мерката подигање на нивото на квалитет во постојните угостителски објекти:

- одржување на трибини и стручни собири со проблематиката од областа на стандардизацијата на услугите во угостителството;
- организирање на тренинг активности од областа на уредувањето на угостителските објекти;
-унапредување на категоризацијата и следење на квалитетот и примената на стандардите стандарди;
- доделување годишни награди за најдобар угостител по различни пропозиции и
- организирање на натпревари од областа на угостителството.

Активности во поглед на преземањето на мерката за уредување на нови атрактивни локалитети и објекти од природен и културен карактер

-изработка на просторно-планска документација за нови туристички локалитети;
-изработка на физибилити студија за активирање на нови локалитети;
-изградба на инфраструктура за пристапност и користење на нови о туристички локалитет и
-уредување и опремување на нови туристички локалитети и објекти.

Активности во поглед на преземањето на мерката за уредување на нови угостителски објекти:

- воведување на концесионирање на нови угостителски услуги во нови туристички локалитети и објекти;

-организирање на кампањи и промоции за привлекување на инвсетиции од областа на угостителството;

- субвенционирање на иновативните активности во угостителството

-организирање и поддршка на кампањи и промоции за поттикнување на домашното сместување;

-организирање и поддршка на кампањи и промоции подигање на квалитетот на угостителските капацитети и

-организирање на кампањи и промоција за поттикнување на претприемништвото во туризмот и угостителството

### *4.4.4 Мерки и активности во рамките на оперативната цел бр.4*

Унапредување на човечките потенцијали и управување со квалитетот на живеење и престој во општината како оперативна цел подразбира остварување на функцијата преку туризмот општината да стане пријатен простор во кој постои взаемна почит на чинителите во туризмот. Во основа се работи за цел која во прв план го става задоволство на посетителите од престојот. Тоа треба да биде сатисфакција за успешноста на давателите на услуги, а на маркетиншки план да претставува промотивен инструмент на подигнување на имиџот на општината како туристичка дестинација. За остварување на оваа цел потребно е да се преземат следниве мерки:

-**подобрување на капацитетот на човечките ресурси и**

**-вклучување на локалното население во туристичката активност и унапредување на меѓучовечките односи.**

<u>Активности во поглед на преземањето на мерката за подобрување на капацитетот на човечките ресурси</u>

-организирање на трибини и собири за значењето на туристичкото стопанство во креирањето на програмите во формалното образование (практика на учениците и студентите);

- организирање на собири за унапредување на знаењата и вештините на низ практики, преквалификации и доживотно учење и

-организирање практични тренинзи за подигање на професионалните способности на вработените.

Активности во поглед на преземањето на мерката вклучување на локалното население во туристичката активност и унапредување на меѓучовечките односи.

-организирање кампања за придобивките на локалното население од туристичката и угостителската дејност;

- организирање на собири и работилници за поттикнување на локалното население кон претприемништвото, иновативноста, автентичноста и гостољубивоста во туризмот;

- организирање на трибини за подигање на свеста за значењето на туризмот и животната средина

-спроведување на кампања за можностите за вклучување на локалното население во определени бизнис активности;

- организирање на трибини за анулирање на антагонизам и недоразбирања и подобрен соживот и безбедност и слобода на движење на туристите

- вмрежување со министерството за внатрешни работи на планот на пријавување на гости и засилување на безбедноста во општината.

### *4.4.5 Мерки и активности во рамките на оперативната целбр.5*

Успешноста во настап на туристичкиот пазар е оперативна цел овозможува прифатливост на туристичките производи на стопанските субјекти од областа на туризмот од страна на туристичката побарувачка. Мерките се водат кон конкурентна туристичка дестинација на туристичкиот пазар. Во таа насока треба да се преземат следниве мерки:

**- воспоставување на ефикасна маркетиншка структура;**

-**промотивни активности и**

**- освојување нови туристички пазари.**

Активности во поглед на преземањето на мерката за воспоставување на маркетиншка структура.

- изработка на програма за маркетинг активности во општината;

- креирање на сајт со понуда на услуги на туристичкиот пазар (вклучување во резервациските системи) и

-вмрежување на давателите на услуги и нивните производи.

Активности во поглед на преземањето на мерката за унапредување на промотивните активности во туризмот:

- изработка на туристичко лого на општината;
- донесување на годишна програма на промотивни активности во туризмот;
- користење на мас-медиуми за промоција;
-изработка на печатен и електронски промотивен материјал;
- организирање на иницијативни аранжмани за новинари и туроператори и
- интегрален настап на туристички саеми.

Активности во поглед на преземањето на мерката за освојување нови туристички пазари:

-изработка на елаборат за диференцирање на разновидни туристички производи за збогатување на туристичката понуда;

-изработка на регистар на даватели на различни услуги и во различни сектори и

-изработка на студија за сегментација на туристичка клиентела на новите туристичките пазари.

## 4.6 Мерки и активности во рамките на оперативната цел 6

Основање на туристичка развојна зона Маврово е во функција на привлекување на странски и домашни инвеститори со што ќе се поттикне процесот на оптимално користење на расположливите ресурси. Така се унапредува заштитата на животната средина и се забрзува развојот. Тоа е во функција на збогатување на туристичката понуда, подобрување на квалитетот и внесување на нови услуги. Тоа подразбира дека општината ќе биде поконкурентна на туристичкиот пазар.

Во рамките на оваа оперативна цел ќе се преземат следниве мерки:

**-проектирање и**
**-изградба**

Активности во поглед на преземањето на мерката за проектирање на туристичката зона Маврово:

- изработка и усвојување на урбанистичко планска документација;
-решавање на имотно-правните односи;

- промоција на туристичката зона и
-распишување меѓународен тендер за инфраструктурно уредување на градежното земјиште и пристапноста до зоната и избор на најдобар понудуваш.

Активности во поглед на преземањето на мерката за изградба на туристичката зона Маврово:
- инфраструктурно уредување на градежното земјиште и пристапноста до зоната;
-распишување на меѓународен тендер за изградба на угостителски и туристички објекти и содржини според урбанистички и архитектонски стандарди и избор на најдобар понудувач и
- изградба на објектите ставање во функција.

# 5 Очекувани резултати од стратегијата

Очекуваните резултати од развојот на туризмот во општината Маврово и Ростуше во наредниот десетгодишен период се во насока на понатамошна посветеност на Локалната самоуправа предводена од градоначалникот, како и останатите засегнати страни да биде препознатлив по одржливоста и да го исполни брендот на општина како„сјај на природата и културата“. Тоа подразбира оптимално и рационално користење на ресурсите така што се очекува да ја реализација на утврдената визија и постигнување на зацртаните претпоставки. Резултатите од реализацијата на Стратегијата имаат општ и конкретен карактер. Општиот е во согласност со реализација на обезбедување на еколошката одржливост и културната заштита и нивно користење. Очекуван резултат е економското користење на ресурсите и социјалната прифатливост на туристичката дестинација во одржлива форма. Резултат треба да биде одржливиот развој како приоритет на општината која поради протегањето во Националниот парк Маврово е под целосна заштита на животната средина. Очекувањата се општината да доживее ниво на оптимална уреденост според современи стандарди, а со тоа да се оствари заложбата за зголемен придонес во стопанскиот и општествениот развој и да го подобри квалитетот на живот во општината.

Очекуван резултат од овој стратегиски документ треба да биде остварување и на конкретните цел. Во овој контекст е подобрено користење на просторната положба во креирањето и пласманот на туристички производи како и воспоставување на кооперативни односи со опкружувањето односно со општините од регионите и балканските земји.

Очекувани придобивки се во унапредувањето на институционалната структура и усвојување на нови правни документи, во врска со одржливиот развој на туризмот на општината како туристичка дестинација. Подобрување на инфраструктурната и комуналната опременост и уреденост во функција на овозможување подобрена атрактивност и конкурентност на услугите се очекува да го подобри квалитетот на живеење на населението и туристите. Општината ќе има подобрена комуникативност што е основа за интегрално функционирање. Се очекува да се реализира одржливо управување со туристичката дестинација, што подразбира дека ќе дојде до комунално уредување и опремување, максимално водење сметка за хигиената и партерното и хортикултурното обликување. Преку туристичка валоризација се очекува да дојде до проширување на просторот и активирање на нови локалитети и објекти кои ќе најдат место во туристичките производи и нивниот пласман туристичкиот пазар. Се очекува успешност во настап на туристичкиот пазар, поттикне инвестициската активност, преку концесионирање и јавно-приватно партнерство.

Во поглед на квалитетот на услугите се очекува забележително подобрување како во секторот на туризмот, така во давањето на угостителски услуги. Се очекува поголемо учество на локалното население во туристичките активности и вклучување на услуги и производи со автентични карактеристики. Исто така  треба да дојде до зајакнување на човечките ресурси и организациската структура и ќе се зголеми вработеноста во општината не само во областа на туризмот, туку и во други стопански дејности. Се очекува квалитетот на живеење да биде препознатлив во општината и да биде добро искуство и за други средини.

## 6. Мониторинг и евалуација

Мониторингот и евалуацијата на изработката и спроведувањето на Стратегијата за развој на туризмот во општината Маврово и Ростуше како основен носител го ја препознава Локалната самоуправа и посебно Секторот за економски развој. Во истражувачкиот дел се вклучени примарни и секундарни податоци и индикатори.

Стратегијата се базирање на секундарни податоци. Тие се темелат на званичната статистика, литературата, стратегиските документи и планови и програми на општината. Во овој поглед од посебно значење е посветеноста на општината и градоначалникот на ова област што придонесе да се има увид во севкупната документација. Меѓутоа, општината и националниот парк Маврово се транспарентни во поглед на досегашните

реализирани плански и стратегиски активности. Нивната евалуација дава погодна основа за обликување на Стратегијата за развој на туризмот.

Локалната самоуправа во својата кооперативност овозможува да се обликува овој документ во согласност со своите потреби, но и со конструктивен пристап во определувањето на задачите , целите и активностите во креирањето на овој документ. Токму во овој контекст општината има оперативен мониторинг. Тој се однесува на следново:

-реализација на сондажи и мислења на сите засегнати страни во Општината и претставници на Националниот парк Маврово;

-евалуација на валидноста и апликативноста на резултатите од направената анализа на состојбите и нивна имплементација во фазата на изработка на Стратегијата ;

- -евалуација на активностите во согласност со ставовите на познавателите на приликите;

- евалуација на мисијата, визијата, општите и оперативните цели, очекуваните резултати и акцискиот план ;

- евалуација на спроведливоста на Стратегијата и

- мониторингот на спроведување е континуиран процес на Локалната самоуправа.

Резултатите добиени во Стратегијата, направени со прибирање на податоци од примарни и секундарни извори овозможуваат валидно прикажување на тековната состојба со развојот на туризмот во општината Маврово и Ростуше, како и степенот на квалитет на производите и услугите кои се нудат. Тоа е добра основа и насока за креирање на туристичките производи кои ќе бидат во насока да привлечат поголем број на туристи од утврдените емитивни зони и нови туристички пазари, како и производи кои ќе овозможат продолжување на главната туристичка сезона преку задоволување на интересите на анализираната група. Резултатите се искористени при креирањето на развојни насоки во зависност од просторните ресурси и диференцираните видови туризам како селективни форми во издвоени локалитети.

# 7. Акциски план

## Стратешки цели и мерки и активности за развој на туризмот во општина Маврово и Ростуше

| ОПШТА ЦЕЛ |
|---|
| *Општината Маврово и Ростуше да биде препознатлива и водечка дестинација на одржливиот туризам во Р.Македонија. Општа цел е одржливиот туризмот да биде клучен фактор во стопанскиот и општествениот развој и да го подобри квалитетот на живот во општината.*<br><br>**Носител на активностите – локална самоуправа** |



*Основен носител на активностите е Локалната самоуправа и градоначалникот*

***ОПЕРАТИВНА ЦЕЛ 1 - УНАПРЕДУВАЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНА И ПРАВНА РАМКА, КАКО ОСНОВЕН СТОЛБ ВО УСПЕШНОТО УПРАВУВАЊЕТО СО ОДРЖЛИВИОТ РАЗВОЈ НА ОПШТИНАТА, КАКО ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА***

| | **Конкретни активности** | **Учесници во процесот** | **Вкупна вредност** | **Временски рамки** |
|---|---|---|---|---|
| ***Мерка 1.1 јакнење на институционалната рамка*** | донесување на нова систематизација со издвоен сектор за туризам и екипирање | Правен тим и Агенција за вработување | - 60.000 МКД | - 3 месеци |
| | одржување на обуки за вработените за одржливо управување со туристичка дестинација | Експертски тим од областа на туризмот – Бизнис сектор | - 180.000 МКД | - 1 недела во секоја година од стратегијата |
| | воспоставување на информатичка мрежа со чинителите на туризмот по вертикална и хоризонтална основа | ИТ сектор | - 300.000 МКД | - 2 години |
| | учество на семинари и собири од областа на управувањето во туризмот<br>формирање на база на податоци и статистичка обработка | ИТ сектор<br>Експертски тим од областа на туризмот<br>Експертски тим од областа на статистиката | - 60.000 МКД | - континуирана активност |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | формирање на база на податоци и статистичка обработка | ИТ сектор | - 300.000 МКД | - 6 месеци |
| | организирање на форуми со бизнис заедницата и засегнатите страни | - Бизнис сектор од областа на туризмот | - 60.000 МКД | - 1 недела во секоја година од стратегијата |
| ***Мерка 1.2 воспоставување на правна рамка за спроведување на активностите*** | изработка на правилници за користење на просторот и туристичките активности во согласност со современите стандарди за квалитет | Експертски тим од областа на правото Експертски тим од областа на туризмот | - 200.000 МКД | - 3 месеци |
| | спроведување на кампањи и обуки за примена на прописите од областа на туризмот и животната средина | Експертски тимови од областа на правото, туризмот, угостителството и заштитата на животната средина | - 600.000 МКД | - 1 месец секоја година |
| | креирање годишни програми за развој на туризмот врз база на стратегиските определби | Вработени и експертски тим од областа на туризмот | - 120.000 МКД | - 1 месец секоја година |
| ***Мерка 1.3 јакнење на инспекциските служби*** | зголемување на број на инспектори за 2, постојано вработени | Агенција за вработување | - 6 800.000 МКД | - просечна месечна плата за цел период |
| | организирање обуки за нивно усовршување и работење во повеќе | Експертски тим од областа на правото и туризмот и ИТ експерти | - 180.000 МКД | - 1 недела во секоја година од стратегијата |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | сектори; поврзување на инспекциските служби по вертикална и хоризонтална основа | | | |
| | воведување на систем на следење на престојот на туристите во сместувачките објекти (софтвер за поврзување со полицијата и органите на гонење) и одржување на софтверот | ИТ сектор | - 600.000 МКД | -6 месеци изработка и континуирано одржување |
| ***Мерка 1.4.* - подобрување на врските на општината со соседните општини, региони и земји на планот на соработка во област на туризмот** | склучување на договори со други општини, региони и земји за соработка во областа на туризмот | Засегнати страни од други, општини, региони и држави | - 60.000 МКД | - 1 недела во секоја година од стратегијата |
| | донесување на елаборати за заедничко уредување на заеднички туристички ресурси | Експертски тим од областа на туризмот | - 180.000 МКД | - 3 месеци |
| | заеднички настапи на саеми и берзи со туристички производи од взаемен и индивидуален карактер | - Бизнис сектор и ЛЕР-ови од други средини и сектори | - 600.000 МКД | - 1 недела во секоја година од стратегијата |

## *ОПЕРАТИВНА ЦЕЛ 2 - ПОДОБРУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРНАТА И КОМУНАЛНАТА ОПРЕМЕНОСТ И УРЕДЕНОСТ ВО ФУНКЦИЈА НА ОВОЗМОЖУВАЊЕ ПОДОБРЕНА АТРАКТИВНОСТ И КОНКУРЕНТНОСТ НА УСЛУГИТЕ*

| | Конкретни активности | Учесници во процесот | Вкупна вредност | Временски рамки |
|---|---|---|---|---|
| ***Мерка 2.1. унапредување на поврзаноста*** | одржување на локалната патна мрежа | Комунална јавна служба | - 20 000.000 МКД | - континуирано |
| | изработка на планска документација за сообраќајно поврзување со регионалната патна мрежа | - Експертски тимови од архитектурата, областа на сообраќајот и туризмот | - 400.000 МКД | - 6 месеци |
| | изградба на приклучни патишта за поврзување со регионалните патишта | Бизнис сектор од областа на сообраќајниот инженеринг и Бизнис сектор од градежништво | 60 000.000 МКД | - 3години |
| | изработка на планска документација за сообраќајно поврзување на населените места и туристичките локалитети | - Експертски тимови од архитектурата, областа на сообраќајот и туризмот | - 400.000 МКД | - 6 месеци |
| | изградба на локални патишта и улици | Бизнис сектор од областа на сообраќајниот инженеринг и Бизнис сектор од градежништво | 60 000.000 МКД | - 3години |
| | изработка на елаборат за потреба од изградба на нова жичара | - Експертски тимови од архитектурата, областа на сообраќајот и туризмот | 200 000 МКД | - 6 месеци |
| | уредување и одржување на постојните патеки | Комунални служби | 5 000 000 МКД | - континуирано |
| | воведување на сигнализација и дигитализација на туристичките патеки | Бизнис сектот од областа на електро и сообраќајна и машинска струка | 300 000 МКД | - 5 месеци |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | изработка на планска документација за нови планинарски, пешачки, трим и алпинистички патеки | Бизнис сектор од областа на архитектурата и туризмот | - 400.000 МКД | - 6 месеци |
| | изработка на планска документација за уредување и користење на паркинг простор | Бизнис сектор од областа на архитектурата и градежништвото | - 200.000 МКД | - 3 месеци |
| | изработка на план за воведување анимациски возови на електричен погон за разгледување и посета на туристичките атрактивности и рецептивни капацитети | Бизнис сектор од областа на машинството и туризмот | - 100.000 МКД | - 6 месеци |
| | подобрување на ИТ врските | ИТ бизнис сектор | 100.000 МКД | - 6 месеци |
| ***Мерка 2.2. унапредување на комуналната уреденост и опременост*** | изработка на физибилити студија за санација на цврстиот отпад | Експертски тим од областа на заштитата на животната средина и машинството | 200.000 МКД | - 3 месеци |
| | организирање на кампања за поврзаноста на туризмот и селекцијата на отпадот | Експертски тим од областа на заштитата на животната средина и туризмот | 600.000 МКД | - 1 месец во секоја година |
| | Набавка и поставување пригодни канти за селективен отпад со туристички апликации | Комунални служби | 500 000 МКД | Континуиран процес |
| | изградба на станица за селекција на цврст отпад | Бизнис сектор од областа на машинството и автоматиката | 18 000.000 МКД | 1 год |
| | изработка на физибилити студија против загадувањето на воздухот | Експертски тим од областа на заштитата на воздухот од | 200.000 МКД | - 3 месеци |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | загадување | | |
| | доделување субвенции за користење на греење со намалено загадување на воздухот | Донаторски куќи, фондови, грантови и кредитни линии н | 50 000 ЕУР | Континуиран процес |
| | изработка на проект за санација на отпадни води | Експертски тим од областа на санација на отпадните води | - 400.000 МКД | - 6 месеци |
| | изградба на пречистителни станици | Бизнис сектор од областа на градежништвото и машинството | 5 000 000 ЕУР | 2 год |
| | изградба на колекторски систем околу Мавровското Езерото и канализациска мрежа во населените места и туристичките локалитети | Бизнис сектор од областа на градежништвото и машинството | 20 000 000 ЕУР | 3 год |
| | водење на кампања за подигнување на свеста зачувување на животната средина и одржливиот развој на туризмот | Експертски тим од областа на животната средина и туризмот | - 60.000 МКД | - 1 недела во секоја година од стратегијата |
| | поддршка на еко сместувачки капацитети | Бизнис сектор од областа на угостителството , донации, грантови, кредитни линии и фондови | 50 000 ЕУР | Континуиран процес |
| | поставување на табли со апели за чување на туристичката средина | Бизнис сектор од областа на градежништвото | 300 000 МКД | - 3 месеци |
| | промоција на имиџ на туристички сјај во чиста средина со запазена хигиена на почвата воздухот и водата | Маркетинг агенција | 300 000 МКД | Секоја година по 1 месец |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ***Мерка 2.3 унапредување партерното хортикултурно уредување и пошумување*** | изработка на просторно-планска документација за партерното хортикултурно уредување на општината | - Експертски тим од областа на урбанизмот и пејзажната архитектура | 300 000 МКД | - 3 месеци |
| | уредување на паркови во туристички локалитети | Комунални служби | 300 000 МКД | Континуиран процес |
| | водење кампања и обуки за уредување на дворните места во населените и туристичките места | Експертски тим од областа на пејзажната архитектура | 1 80.000 МКД | - 1 недела во секоја година од стратегијата |
| | доделување на награда за најдобро уредено дворно место | Експертски тим од областа на пејзажната архитектура | 180 000 МКД | - 1 недела во секоја година од стратегијата |
| | партерно уредување на просторот во населените места и туристички локалитети | Бизнис сектор од областа на градежништвото | 4  200 000 МКД | Континуиран процес |
| | изградба на фонтани и поставување на уметнички дела | Бизнис сектор од областа на архитектурата и градежништвото | 2 000 000 МКД | 5 месеци |
| | изработка на елаборат за садење дрвореди долж патните и уличните комуникации | Експертски тим од областа на шумарството и пејзажната архитектура | 200 000 МКД | - 3 месеци |
| | садење дрвореди долж патните и уличните комуникации | Комунална служба | 120 000 МКД | 1 месец  секоја година |
| | изработка на елаборат за пошумување | Експертски тим од областа на шумарството | 200 000 МКД | - 3 месеци |
| | водење на кампања за заштита на шумите како фактор за туристички развој | Експертски тимови од областа на шумарството и туризмот | 1 80.000 МКД | - 1 недела во секоја година од стратегијата |
| | засадување на шумски растенија | Бизнис сектор од областа на пошумувањето | 120 000 МКД | 1 месец  секоја година |
| | засејување на голи површини | Бизнис сектор од областа на пошумувањето | 120 000 МКД | 1 месец  секоја година |

***ОПЕРАТИВНА ЦЕЛ 3 - ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА РАЦИОНАЛНО КОРИСТЕЊЕ НА ПОСТОЈНИТЕ РЕСУРСИ И ПРЕКУ ТУРИСТИЧКА ВАЛОРИЗАЦИЈА ПРОШИРУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ И АКТИВИРАЊЕ НА НОВИ ЛОКАЛИТЕТИ И ОБЈЕКТИ***

| | Конкретни активности | Учесници во процесот | Вкупна вредност | Временски рамки |
|---|---|---|---|---|
| ***Мерка 3.1 уредување на постојните туристички атрактивни локалитети и објекти*** | изработка на просторно-планска документација за населени места и постојните туристички локалитети | Бизнис сектор од областа на архитектурата | - 500.000 МКД | 6 месеци |
| | изработка на физибилити студија за состојбата на туристичките локалитети | Експертски тим од областа на туризмот | - 180.000 МКД | - 6 месеци |
| | уредување постојните туристички локалитети и објекти за посета според добри практики | Бизнис сектор од областа на градежништвото и архитектурата | 1 200 000 МКД | - 1 год. |
| | воведување светлости и звуци како анимациска форма на постојни локалитети и објекти | Бизнис сектор од областа на електротехниката | 200 000 МКД | - 1 месец во секоја година |
| | поставување на сигнализација и визуализација за движење кон и во постојните туристички локалитети и објекти | Бизнис сектор од областа на електротехниката и градежништвото | 200 000 МКД | - 1 месец во секоја година |
| | донесување на годишен календар на манифестации и настани | Експертски тим од областа на MICE | 12 000 МКД | 1 недела секоја година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ***Мерка 3.2 подигање на нивото на квалитет во постојните угостителски објекти*** | одржување на трибини и стручни собири со проблематиката од областа на стандардизацијата на услугите во угостителството | - Експертски тим од областа на угостителството<br>- Бизнис сектор од областа на угостителството | - 150.000 МКД | - 1 недела секоја година |
| | организирање на тренинг активности од областа на уредувањето на угостителските објекти | - Експертски тим од областа на угостителството<br>- Бизнис сектор од областа на угостителството | - 150.000 МКД | - 1 недела секоја год |
| | унапредување на категоризацијата и следење на квалитетот и примената на стандардите | Експертски тим од областа на угостителството | - 100.000 МКД | Континуиран процес |
| | доделување годишни награди за најдобар угостител по различни пропозиции | - Стручна комисија | - 60.000 МКД | - 1 недела секоја година |
| | организирање на натпревари од областа на угостителството | - Стручна комисија | -180 000 МКД | - 2 недели секоја година |
| ***Мерка 3.3 активирање на нови туристички локалитети*** | изработка на просторно-планска документација за нови туристички локалитети | Бизнис сектор од областа на урбанизмот и архитектурата и туризмот | - 500.000 МКД | 6 месеци |
| | изработка на физибилити студија за активирање на нови локалитети | Експертски тим од областа на туризмот | - 180.000 МКД | 6 месеци |
| | изградба на инфраструктура за пристапност и користење на нови о туристички локалитет | Бизнис сектор од областа на областа градежништвото и сообраќајот туризмот | 500 000 ЕУР | 2 години |
| | уредување и опремување на нови туристички локалитети и објекти | Бизнис сектор од областа на урбанизмот и архитектурата и туризмот | 1 000 000 ЕУР | 5 години |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ***Мерка 3.4 активирање на нови угостителски објекти*** | воведување на концесионирање на нови угостителски услуги во нови туристички локалитети и објекти | Бизнис сектор од областа на угостителството , донации, грантови, кредитни линии и фондови | 50 000 ЕУР | Континуиран процес |
| | организирање на кампањи и промоции за привлекување на инвестиции од областа на угостителството | Маркетинг агенции | 300 000 МКД | Секоја година по 1 месец |
| | субвенционирање на иновативните активности во угостителството | Бизнис сектор од областа на угостителството , донации, грантови, кредитни линии и фондови | 50 000 ЕУР | Континуиран процес |
| | организирање и поддршка на кампањи и промоции за поттикнување на домашното сместување | Експертски тим од областа на туризмот и угостителството | 300 000 МКД | Секоја година по 1 месец |
| | организирање и поддршка на кампањи и промоции подигање на квалитетот на угостителските капацитети | Експертски тим од областа на угостителството и | 300 000 МКД | Секоја година по 1 месец |
| | организирање на кампањи и промоција за поттикнување на претприемништвото во туризмот и угостителството | Експертски тим од областа на угостителството, туризмот и претприемништв ото | 300 000 МКД | Секоја година по 1 месец |

## *ОПЕРАТИВНА ЦЕЛ 4 - УНАПРЕДЕУВАЊЕ НА ЧОВЕЧКИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ И УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТОТ ВО ОПШТИНАТА*

| | Конкретни активности | Учесници во процесот | Вкупна вредност | Временски рамки |
|---|---|---|---|---|
| ***Мерка 4. 1 подобрување на капацитетот на човечките ресурси*** | организирање на трибини и собири за значењето на туристичкото стопанство во креирањето на програмите во формалното образование (практика на учениците и студентите) | Бизнис заедница од областа на туризмот и угостителството, Експертски тим на академската заедница од областа на образованието во туризмот | 500.000 МКД | Секоја година по 1 месец |
| | организирање на собири за унапредување на знаењата и вештините на низ практики, преквалификации и доживотно учење | Експертски тим од областа на образованието во туризмот и угостителството<br><br>Бизнис заедница од областа на туризмот и угостителството | 500.000 МКД | Секоја година по 1 месец |
| | организирање практични тренинзи за подигање на професионалните способности на вработените | Бизнис заедница од областа на туризмот и угостителството | 500.000 МКД | Секоја година по 1 месец |
| ***Мерка 4.2 вклучување на локалното население во туристичката активност и унапредување на меѓучовечките односи*** | организирање кампања за придобивките на локалното население од туристичката и угостителската дејност | Експертски тим од област на туризмот и угостителството | 300 000 МКД | Секоја година по 1 месец |
| | организирање на собири и работилници за поттикнување на локалното | Експертски тим од областа на претприемништвото и туризмот | 300 000 МКД | Секоја година по 1 месец |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | население кон претприемништвото, иновативноста, автентичноста и гостољубивоста во туризмот | | | |
| | организирање на трибини за подигање на свеста за значењето на туризмот и животната средина | Експертски тим од област на туризмот и угостителството и заштитата на животната средина | 300 000 МКД | Секоја година по 1 месец |
| | спроведување на кампања за можностите за вклучување на локалното население во определени бизнис активности во туризмот | Експертски тим од областа на претприемништвото и туризмот | 300 000 МКД | Секоја година по 1 месец |
| | организирање на трибини за анулирање на антагонизам и недоразбирања и подобрен соживот и безбедност и слобода на движење на туристите | Експертски тим од областа на етиката и безбедноста во туризмот | 300 000 МКД | Секоја година по 1 месец |
| | вмрежување со министерството за внатрешни работи на планот на пријавување на гости и засилување на безбедноста во општината | ИТ бизнис сектор | - 600.000 МКД | -6 месеци изработка и континуирано одржување |

## *ОПЕРАТИВНА ЦЕЛ 5 - УСПЕШНОСТ ВО НАСТАП НА ТУРИСТИЧКИОТ ПАЗАР*

| | Конкретни активности | Учесници во процесот | Вкупна вредност | Временски рамки |
|---|---|---|---|---|
| ***Мерка 5.1 воспоставување на ефикасна маркетиншка структура*** | изработка на програма за маркетинг активности во општината | Маркетинг агенција | -160.000 МКД | - 1 месеци во секоја година |
| | креирање на сајт со понуда на услуги на туристичкиот пазар (во вклучување во резервациските системи) | ИТ сектор | -300 .000 МКД | - 1 месец во секоја година |
| | вмрежување на давателите на услуги и нивните производи | - ИТ сектор | - 60.000 МКД | - континуирана активност |
| ***Мерка 5.2 промотивни активности*** | изработка на туристичко лого на општината | - Експертски тим од областа туризмот<br>- Бизнис сектор од областа на графичкиот дизајн | - 30.000 МКД | - 2 месеца |
| | донесување на годишна програма на промотивни активности во туризмот | Експертски тим од областа на туризмот и маркетингот | 300.000 МКД | - 1 месец секоја година |
| | користење на мас-медиуми за промоција | Маркетинг агенција | 30.000 МКД | - 1 месец секоја година |
| | изработка на печатен и електронски промотивен материјал | Експертски тим од областа на туризмот и маркетингот<br>Бизнис заедница од графичкиот сектор | 600 000 МКД | 1месец секоја година |
| | организирање на иницијативни аранжмани за новинари и туроператори | Здружение на новинари и бизнис заедница од областа на туроператорската дејност | 300 000 МКД | 1 недела секоја година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | интегрален настап на туристички саеми | Агенција за промоција и поддршка на туризмот | 300 000 МКД | 2 недели секоја година |
| ***Мерка 5.3 освојување нови туристички пазари*** | изработка на елаборат за диференцирање на разновидни туристички производи за збогатување на туристичката понуда | Експертски тим од областа на туризмот | - 180.000 МКД | 6 месеци |
| | изработка на регистар на даватели на различни услуги и во различни сектори | Бизнис сектор од областа на туризмот и угостителството стопанството | - 180.000 МКД | 3 месеци во континуиран процес |
| | изработка на студија за сегментација на туристичка клиентела на новите туристичките пазари | Експертски тим од областа на туризмот | 180.000 МКД | 6 месеци |

***ОПЕРАТИВНА ЦЕЛ 6 - ОСНОВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКА РАЗВОЈНА ЗОНА МАВРОВО***

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ***Мерка 6.1 Проектирање на туристичката развојна зона*** | - изработка и усвојување на урбанистичко планска документација | - Експертски тим од областа на урбанизмот, архитектурата и туризмот | 600.000 МКД | 6 месеци |
| | -решавање на имотно-правните односи | Експертски тим од областа на правото | 300.000 МКД | 6 месеци |
| | -промоција на туристичката зона | Маркетинг агенција | - 30.000 МКД | - 1 месец секоја година |
| | -распишување меѓународен тендер за инфраструктурно уредување на градежното земјиште и пристапноста до зоната и избор на најдобар понудувач. | Експертски тим од областа на туризмот, архитектурата и градежништвото | 60 000МКД | 2 месец |
| ***Мерка 6. 2 Изградба на туристичката зона туристички пазари*** | - инфраструктурно уредување на градежното земјиште и пристапноста до зоната; | Бизнис сектор од областа на архитектурата и градежништвото | 2 000.000 ЕУР | 6 месеци |
| | -распишување на меѓународен тендер за изградба на угостителски и туристички објекти и содржини според урбанистички и архитектонски стандарди и избор на најдобар понудувач | Експертски тим од областа на архитектурата, туризмот и угостителството | 60.000 МКД | 2 месеца |
| | изградба на објектите и ставање во функција. | Бизнис сектор од областа на архитектурата и градежништвото | 20 000 000 ЕУР | 4 год |

# 8. Мапирање на туристичките локалитети

| Туристички локалитет | Идентификување на видови туризам | Анализа на сегашните состојби како основа за подобрувања | Идни потреби за подобрување на состојбата |
|---|---|---|---|
| Шаркова Дупка | Спелеолошки активности<br>Пешачење до пештерата<br>Едукативни активности и научни активности | Изградена патека, и скалила, украсена со полукружни метални скалила , целосно украсена со рефлектори | Изградба и уредување на плато за надворешна презентација , активирање на двете сали кои се недостапни |
| Регионален пат „Западна туристичка магистрала“ | Транзитен туризам<br>Екскурзивни патувања<br>Едукативни активности<br>Пешачење и велосипедски активности | Постојна инфраструктура | Сигнализација и промоција , издавање на дозвола за лоцирање информативни пунктови и угостителски објекти од времен карактер |
| Бистра -Ски центар „Заре Лазарески Маврово | Скијачки активности , забавни и спортски активности , крос кантри | Има пристапност но е слаба поврзаноста со локален превоз кон Маврови Анови | Регулирање на превозот од Маврови Анови |
| Планина Кораб- Врв Голем Кораб | Алпинизам , планински велосипедизам, панорамско разгледување на околината | Трасирани пешачки патеки | Регулирање на превозот<br>Изградба на три нови патеки |
| Шиловерт | Пешачење , панорамско разгледување , скијачки активности | Природен видиковец, уредена пешачки патеки патека потенцијал на скијачки патеки со денивелација од 4 200м | Уредување на просторот на видиковците ,<br>Изградба на скијачки центар пешачки патеки |
| Клисура Барич | Планинарење и пешачење,<br>Едукативни активности | Пристапност | Уредување и опремување на терени за тренинзи за искачување |
| Глацијално езеро Локув | Планинарење , јавање<br>Панорамско разгледување, пикници, капење, излети агротуризам, хербален туризам, културен туризам | Уредени пешачки патеки, уредена планинска плажа | Обележување, уредување на просторот ,промотивни активности |
| Бунец | Скијачки активности, едукативни активности од типот школа во природа, видиковци, сафари активности , пешачење, пикници | Уредени патеки за детска едукација, кула за набљудување животни, | Промотивни активности<br>Сигнализација и визуализација |
| Излетиште „Горна Ледина“ | Пешачење, панорамско разгледување, одмор,планинарење | Делумно уредени патеки за пешачење, обележени патеки за планинарење, куќичка за одмор | Уредување на патеки, сигнализација, тераса за видиковци |
| Манастир Св. Јован Бигорски | Културен туризам, религиски туризам, пешачење | Уреден комплекс | Промотивни активности |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Мост Еленски Скок | Културен туризам<br>Едукативни активности<br>Планинарење,велосипедизам | Заштитен споменик, планинарска и велосипедска патека | Сигнализација и визуализација, |
| Црква Св.Никола | Културен и верски туризам | Посета во зависност од водостојот на Мавровското езеро | Реставрација на црквата |
| Лазарополе | Културен и селски туризам, етнографски тури, едукативни активности, панорамски разгледувања , пешачка тура Лазарополе Врв Соколица, Лазарополе- Еленски скок, Лазарополе –Росоки, велосипедска тура Лазарополе | Сочуван мијачки идентитет и амбиенталност | Промотивни активности |
| Водопад Дуф | Пешачка тура до Дуф, едукативни активности, излети и пикници, адреналински активности | Патеката до водопадот е уредена ,поставени се клупи за седење, поставена е опрема за спуштање со јаже | Поставување на плато за презентација на флувијалната активност, Сигнализација и визуализација и промотивни активности |
| Јанче | Рурален туризам, културен туризам, едукативни активности ,хербален туризам, пешачење до Галичник | Добра пристапност , уреден угостителски комплекс со оригинална понуда, реставрирани селски куќи со автентични материјали | Комунално уредување, сигнализација и промоција |
| Галичник | Галичка свадба како манифестациски и Културен туризам, традиционално сточарење, | Сочувани комплекси на камени куќи . бачила | Подобрена пристапност и промоција |
| Смрдливи води | „ Ден на одгледувачите на овци и кози“ културна и аграрна манифестација, гастрономски активности | Сочувана традиција | промоција |
| Брезовица | Ловен туризам | Најуредено ловиште во Р.Македонија | Интернет мрежа со засегнати страни |
| Горна река | Пешачки тури Трница-Богдово, Трница Сенце, Сенце-Волковија-Трница Велосипедска патека | Патеката е обележана | Промоција |
| Долна и Мала Река | Пешачки тури Скудри-Врв Крчин- Битуше, Скудриње-Кале , Скудриње,-Присојница,- Аџиевци-Ростуше | Патеката е обележана | Промоција, регулирање на превозот |
| Врбен | Велосипедска планинска тура | Патеката е обележана | Промоција |

# 9. Мапирање на нови туристички локалитети

| | | | |
|---|---|---|---|
| Регионален пат Бошков Мост - Извор | Транзитен туризам | Недовршена делница од 12, 049 км | Барање до Фондот за патишта и Јавното претпријатие за патишта |
| Регионален пат кон Росоки и Осој | Транзитен туризам | Недовршена делница од 8, 755км | Барање до Фондот за патишта и Јавното претпријатие за патишта |
| Локални патишта до селата Нивиште, Ничпур и Сенце, Дуф, Нисторово и Богдево | Пешачење и велосипедизам | Патиштата не се асфалтирани | Асфалтирање на патиштата<br>Регулирање на превозот до Галичник |
| Планина Дешат | Планинарење, алпинизам | Природни предиспозиции за видиковци и пешачки патеки | Уредување и обележување 6 патеки до највисоките врвови. |
| Планина Крчин | Планинарење, алпинизам | Природни предиспозиции за видиковци и пешачки патеки | Уредување и обележување 6 патеки до највисоките врвови |
| Бистра<br>Погодни терени за трасирање скијачки патеки<br>Чавкарники с. Маврово, Сандактуш-с. Никифорово, Врв Русинбрдо кон Бардош и источно од Лазарополе | Скијање и спортови на снег | Нема жичари | Изградба на жичарници |
| Кањони Торбешки мост на Радика, на Аџина Река, на Длабока Река, Стрезимир и Состав Река на Тресонечки, Танушајски на реката Рибница. | Планинарење и пешачење, Едукативни активности | Не се уредени за посета | Уредување платоа за презентации и тренинзи за алпинизам |
| Карстни полиња: Тонивода, Суво Поле, Султаница, Саломуница, Чукнитапаница и Горно и Долно Полце. | Едукативни активности , школи во природа | Не се активирани како туристичка вредност | Уредување и промоција |
| Пештерите Алилица и Калина Дупка | Спелеолошки активности | Не е туристички валоризирана | Уредување и обезбедување |
| Глацијални езера Корабско, Мал Кораб, Бачилски Камен, Средно и Долно езеро Бабин Камен и две езера Кобилино Поле , на Кораб, Света Недела и Горно и Долно на Дешат | Планинарење , панорамско разгледување, пикници, излети и хербален туризам | Не се вклучени во туристичката понуда | Обележување, уредување на просторот ,промотивни активности |
| Корабски водопад | Пешачка тура до Корабскиот водопад, едукативни активности, излети и пикници, адреналински активности | Не е туристички валоризиран | Обележување, уредување на просторот ,промотивни активности |
| Билјанинин Слап | Пешачење, едукативни активности, излети и пикници | Не е туристички валоризиран | Обележување, уредување на просторот ,промотивни активности |

## Карта на постојните и новите мапирани туристичлки локалитети

